# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 јули 2007 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11, 31 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Бесим Догани потпретседател на Собранието.

**Иван Анастсовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, подолжуваме со седницата.

Почитувани колеги, продолжуваме со работа по 55-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Мендух Тачи, Арбен Џафери, Даут Реџепи, Али Ахмети, Фазли Велиу, Елмазе Селмани, Селвие Салиу, Лилјана Поповска, Флора Кадриу, Насер Ајдини, Цветанка Иванова, Силвана Бонева, Мирјана Секуловска, Љубчо Ѓеорѓиевски, Радмила Шеќеринска, Данаил Дончев, Марјан Додовски, Андреј Жерновски, Роза Топузова Каревска, Фијат Цаноски,Јагнула Куновска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Прва точка - Предлог за изменувње и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.**

Продолжуваме со општиот претрес по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Според редоследот на пријавените, има збор пратеник господин Пенов Ристо, повелете.

**Ристо Пенов:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван министре, колеги пратеници,

Предложениот ребаланс на Буџетот на Република Македонија што го добивме, неговото внимателно читање покажува огромна дискрапанца, огромна разлика помеѓу тоа што се декларира, прикажува преку изјави, преку спотови, преку прес конференции за економската политика во Република Македонија и тоа што низ бројки е претставено во самиот ребаланс.

Внимателно читајќи го предложениот ребаланс издвоив некоку карактеристики на овој Буџет односно на неговииот ребаланс, што драстично покажуваат или отстапуваат од тоа што треба да биде економска политика во Република Македонија во о.г. Имено, би издвоил четири карактеристики што покажуваат дека:

Прво, по овој ребаланс и целиот буџет практично со тоа е типично антиреформски и не е насочен во правец на економскиот разво на Република Македонија, туку обратно.

Второ, покажува дека односно оценките и бројките што се дадени, дека економската политика на претходната Влада, давала одлични резултати врз кои е базиран и овој ребаланс на Буџетот.

Трето, покажува дека со Буџетот, со неговиот ребаланс, економската политика на Републка Македонија во 2007 година не се прави во интерес на граѓаните, туку напротив.

Четврто, дека овој ребаланс не е во интерес на стопанството и неговиот развој, туку напротив, од него одзема и го кочи неговиот развој.

Значи, прво, буџетот е сериозно антиреформски од неколку причини:

1. Предложените проекти заради што се трошат пари со ребалансот во износ од 90 милиони денари не се насочени во реформски проекти, односно нема предложено ниту еден реформски проект за што би требало овие пари да се потрошат.

2. Во само осум месеци на оваа Влада се појавија 200 милиони евра вишок или повеќе од планираните, што новата Влада не се обидува да ги насочи во развојни, во реформски проекти или во интерес на стопанството или граѓаните преку намалување на одделни давачки, туку, како поранешна социјалистичка влада, ги приграбува за себе и ги троши во проекти што немаат ништо заедничко со развојот или со реформите во Република Македонија.

Говорејќи со јазикот на оваа Влада, за прв пат во историјата на Република Македонија една влада има можност да троши 200 милиони евра повеќе од тоа што било предвидено за потребите во односните години. Се се ќавате, во номеври минатата година имавме 100 милиони евра вишок што со ребалансот Владата ги зема и ги потроши. Сега, после 6-те месеци имаме 90 милиони евра и тие се приграбуваат и се трошат. Тенденцијата покажува дека до крајот на голдината ќе имаме уште еден ребаланс дека уште пари ќе се појават, а Влада не предлга нивно правилно трошење или откажување од дел од нив.

Вистински реформски ориентирана Влада ќе предложеше одреден закони или измени на закони со кои што ќе се откажеше од дел од овие средства за да останат за стопанството или во џебовите на граѓаните за да ја подобри нивната социо-економска положба. Затоа, ние од ЛДП предложивме некоклу, само некоку, се обидовме да предложиме само неколку намалувања на зафаќањата што ги прави оваа Влада.

Зачудува фактот дека се остврува вишок на приходи, а при тоа Владата нив не ги ористи да го покрие дефицитот што е предвиден со донесениот Буџет, во износ од 1%, туку напротив, го зголемува неговото апсолутно ниво. Затоа што со овие 200 милиони евра повеќе што ги доби Владата со претходниот и со овој ребаланс, Буџетот за прв пат во историја на Македонија достигнува неверојатни 2.250.000.000 евра. Секогаш било под две милијарди до сега и за тоа велевме дека е многу висок, но овој пат одиме во уште повеќе зафаќање од граѓаните.

И, што е уште најзначајно, главната реформа што треба да ја направи оваа Влада е да ја намалува јавната потрошувачка во однос на вкупната, но со

ваквото зголемување на Буџетот, тоа не се прави. Затоа велам дека овој Буџет е антиреформски буџет.

Антиреформски е и заради предложените трошења. Не може никој да ми објасни дека изградбата на фискултурни сали значи некаков реформски зафат или придонесува за развојот на економијата на Република Македонија, па дури ако сакате и за подобрувањето на животот на граѓаните. Тоа нема ништо заедничко со овие постулати, бидејќи имаме и постојни сали што не можат да се користат, затоа што и овие, кога ќе се изградат, се доделуваат на училиштата или општините кои што немаат средства да ги одржуваат, така што ќе имаме сали што воопшто нема да се користат.

Или пак, не може да има реформски карактер изградбаа на спортската сала, а уште помалку пак предвидената изградба на северната трибина на Градскиот стадион, што според најавите на Владата, ќе се даваше под концесија, ќе дојдеше додатна инвестиција во Република Македонија. Сега имаме државно трошење за изградба на истата.

Би го прифатил овој ребаланс доколку беше насочен кон решавање на вистински проблеми на граѓаните. На пример, во Македонија денеска имаме сериозни проблеми во здравството. Според укажувањата од фондот за здравство, јавните институции во здравството имаат долгови од некаде околу 70 милиони евра. Од овој Буџет ниту денар не се користи да се расчиксти таа состојба и граѓаните, како пациенти да добијат чиста состојба. Наместо да се оправдуваме за неповолната состојба во здравството, со долгови, што некоја претходна Влада итн., еднаш да ја очистиме и најавените дури, не знам од каде само набавки во опрема во здравството, да можат да функционираат. Бидејќи, можете да дадете опрема во една јавна здравствена установа, меѓутоа таа нема средства ниту за конци, ниту за материјал, што треба да го употреби и ќе нема да биде во функција на пациентите.

Или пак, можеше да се прифати овој ребаланс, доколку го подобри субстандардот во образованието. Состојбата во училиштата, било основни, средни е катастрофална. Наместо нешто да се вложи, да се подобри состојбата за нашите деца кои одат во тие училишта, ние во Буџетот имаме само најава за набавка на компјутери. Како таа електрична мрежа во училниците ќе поткрепи 40-тина компјутери со кабли низ самата училница јас не знам. Но, Владата си оди во своите популистички проекти без темелно да ги решава проблемите.

Би прифатил ребаланс на Буџетот доколку се реши хаосот што е при издавање на пасоши и лични документи за граѓаните. Беше најавувано дека пасоши ќе се издаваат за еден ден, сведоци сме на тортурата што ја трпат граѓаните при добивањето на личните документи. Очигледно дека таму се потребни додатни средства за да се подобрат условите за граѓаните, за сервисот да го добиваат пристојно како што доликува на граѓани кои се стремат кон Европска унија. Но, за разлика од тоа, велам, ние одиме во изградба на спортски сали и објекти што ќе бидат споменици.

Или, ќе прифатев ребаланс на Буџетот, доколку средства беа насочени да се подобри организацијата на граничниот премин Табановци. Ние можеме да фрламе пари за реклами во Европа и во светскоит печат "Дојдете во Македонија да инвестирате", но ако некој инвеститор се одлучи да дојде со автомобил во Република Македонија, слободно ја поминува хрватската граница, српската граница и доаѓа во Република Македонија, чека најмалку три часови заради лошата организација што очигледно, бара додатни средства за инвестирање во софтверот, во луѓе, во подобрување на тие нехумани услови што се случуваат на тој граничен премин и кои што тој евентуален инвеститор дефинитивно ќе го откажат од инвестирање во Република Македонија.

Реков дека со овој ребалансот се покажува успешното работење на претходната Влада, иако тоа во оценките не е наведено низ бројките, па дури ни низ агументацијата што ја користеше министерот за финансии. Иако ја вртеше во обратен правец, покажува дека стабилната и строга макро-економска политика што се водеше во претходните четири години, што доведуваше до пораст од 4% ги дава резултатите денес.

Имено, главниот аргумент за доброто владеење министерот за финансии го образложи преку енормно зголемениот данок на добивка. Само, треба да кажеме дека таа е добивка остварена во 2006 година, кога некој друг беше на власт и дека е добивка остварена во една изборна година кога имавме во последнит три месеци по доаѓањето на новата Влада пад на резултатите и кога имавме во текот на изборната кампања слаб ангажман на Владата во економската политика.

Така да, овој резултат што носи енормно зголемување на данокот на добивка, мора да признаеме дека е резултат на некој друг. Тоа е добро што е така и тоа не е за прв пат во историјата, како што рече министерот. Бидејќи, во неговите материјали, дадени при проекцијата на макроекономската политика за 2007 година за периодот јануар-септември 2006 година исто така се наведува дека енормно над планираното расте данокот на добивка, тогаш за некои 50 и нешто проценти над планираното, што значи дека и во претходната година економската политика била добра за стопанството и тоа успевало да оствари добри економски резултати изразени преку добивката што расте.

Оттука, и вториот аргумент што се наведува во експозето како инвестициски бум изразен низ огромниот пораст на увозот на опрема, што се некаква инвестиција, мораме да признаеме дека е резултат токму на оваа политика. Затоа што фирмите што остваруваат добивка можат да инвестираат или можат да се јават пред банките

за да подигнат кредит и да увезат опрема. Другите фирми тоа очигледно не можат, бидејќи не може да подигне кредит ако нема остварено позитивни економски резултати односно добивка, и ако нема добивка нема средства за инвестирање. Дури и ако сакате, бидејќи нема резултати и не е логично да се очекуваат видливи резултати од мерките што оваа Влада ги рпезела, дури и во инвестициите што се започнати, што се наведуваат и во експозето и во материјалите, се наведуваат проектите што се направени до 2006 година, значи од претходната Влада. Па дури, бидејќи недостига сопствен проект, се наведува и ЏОНСОН МЕТИ како инвестиција што е во тек, а ЏОНСОН МЕТИ се уште нема регистрирано фирма во Република Македонија, ниту префрлено еден денар за инвестирање.

Реков дека карактеристика на овој Буџет е што тој не е насочен кон интересите на граѓаните и подобрувањето на нивната социо-економска положба, што е прилично тешка, за која што оваа Влада ветуваше и доби и сеуште добива висок рејтинг, заради очекувањата тие да ги разреши. Меѓутоа, податоците на овој план се погубни.

Ќе земам само еден податок. Данокот на додадена вредност, сите даноци ги плаќаат граѓаните на Република Македонија, данокот на додадена вредност, дефинитивно го плаќа крајниот потрошувач, тоа е граѓанинот. Е тука, споредувајќи ги првите шест месеци од 2007 година и првите шест месеци од 2006 година, имаме енормно зголемување, за прв пат во историјата на Република Македонија, со ваши зборови, се зголемува зафаќањето од граѓаните за цели три милијарди денари. Тоа се 50 милиони евра. Изразено, повторно низ вашите броеви, јас немам таква анализа, но замислете колку фармерки на деца не се купени, колку патики не се купени, колку семејства не можеа да отидат на одмор или колку семејства со овие 50 милиони евра, доколку им останеа во нивниот џеб, ќе живееја подобро денеска во Република Македонија. Но, тие мораа да ги дадат, Владата ги зафаќа за да гради спортски фискултурни сали.

И, четвртата забелешка што произлегува од сето ова, целиот овој ребаланс покажува дека економската политика на оваа Влада не е во интерес на стопанството. Затоа што ги прошири зафаќањата од стопанството.

Имаме само две намалувања на даноци што ги наведе оваа Влада. Таа доби вишок 200 милиони евра од граѓаните и од стопанството, а го намали ДДВ-то на земјоделските производи што е вкупно 2 милиони евра, во вкупен обем, значи, намалено за 2/3 ефектот нека е милион, милион ипол евра и ја намали добивката која што допрва ќе почне да се применува. Но, целиот данок на добивка изразен низ Буџетот изнесува 3 милијарди денари, односно 50 милиони. Ако го земете вкупониот ефект 15 милиони евра намалување имаме 185 милиони зголемени зафаќања од граѓаните и од стопанството што многу покорисно и многу подобро и многу поразвојно би ги искористиле отколку што е Владата, која што дури во проектите што ги наведува, оди во лошо инвестирање. Па, дури и зголемувањето на капиталните инвестиции не можеме да го третираме како позитивно, затоа што извинете, ама фискултурна сала или спортската сала или северната трибина не можам да ги третирам како капитални инвестиции што нешто ќе подобрат во животот во Македонија, затоа што ниту ја подобруваат инфраструктурата, ниту сервисот на граѓаните. Некои 50-тина момжиња ќе играат во таа спортска сала. До кога ќе играат, ќе видиме.

Што е уште поважно, споредувајки ги двата периоди 2006 и 2007 година, ќе треба да почекаме, бидејки за разлика од таа стабилна макроекономска политика што се водеше во текот на 4 години, сега имаме постојана игра со законите, никој не може да се снајде што се носи, што важи, што не важи, имаме повеќе загаќања од стопанството. Тогаш ќе можеме, во 2008 година да споредуваме какви ќе бидат резултатите од данокот на добивка за да можеме да кажеме дека е даден некој ефект.

На крајот, доборо е што пред нас претстои викенд, па премиерот најави дека во понедлник ќе расправаме нешто друго, за да се седне во Владата или во Министерството за финансии и добро да се размисли каде со овој Буџет ќе ја водиме Македонија, да се прифатат одредени амандмани и што е особено важно да се прифатат законите што не сакавте да бидат пред Буџетот, што ЛДП ги предлага, кои се однесуваат на намалување на зафаќањата од граѓаните во стопанството, уште во мал обем, за да не ја нарушиме концепцијата на Владата, да предложите уште некој затоа што се сеќавате во ноември месец кога ние предлагавме да се намали ДДВ на неколку стафки, тогаш група пратеници скокаа на нас и реплицираа, велеа чекајте рано е, оваа Влада ќе го направи тоа. Да, ама тогаш 100 милиони евра потроши, не го направи, сега пак 100 милиони евра ги троши и тоа не го прави, до крајот на годината не очекуваат нови, можеби не се 100, ама пак голема сума милиони евра зафаќање од граѓаните и од стопанството, а таков предлог немаме. Затоа би предложил да се искористи ова време, да се искористи оваа дебата како добронамерна, за да се корегира нешто во овој ребаланс на Буџетот, да се корегира нешто во економската политика која ја најавува оваа Влада, за доброто на граѓаните на Република Македонија. Во спротивно, ние подршка на ваков ребаланс на Буџњет, не можеме да дадеме.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Моето видување околу овој ребаланс на Буџњетот ќе го започнам со тоа односно би сакал да кажам за растот што вие како Влада го имате

планирано за 2007 година односно растот беше 6%. Тогаш јас и некои мои колеги зборувавме дека тој раст од 6% е преамбициозен и нашите предвидувања беа некаде околу 4, до 4,5% раст на бруто домашниот производ. Но, вие во вашите планирања рековте дека ќе биде 6%, а сега за овие 4 месеци односно првото четиримесечно работење од оваа година, пред 15-тина дена излеговте со еден процент од 7% што навистина е процент за почитување, но дали тој процент навистина е толку или не, бидејки еден процент за пораст од 7% навистина е голем за една држава како Република Македонија, бидејки сите што следиме и што малку од малку ја познаваме оваа сфера, знаеме дека и најразвиените земји од типот на Кина, Индија и други кои имаат економски бум, имаат нешто над овој процент. Но, времето ќе покаже дали тоа е така или не е така, дали методологијата по која е пресметуван овој процент, зборувам за овие 7% што пред месец ипол даден од ваша страна, ќе видиме дали на крајот на годината ќе биде толку или ќе се сведе на 4,5% што ние го предвидувавме, а и пред некој ден, мислам дека беше од Светска банка луѓето што се овде во Република Македонија и кои ја набљудуваат работата околу економскиот раст, околу бруто домашниот производ, кажаа дека тој процент од 7% е преамбициозен односно многу е голем и тие предвидуваат дека ќе биде некаде порастот 4 до 4,5%.

Пресметувањето на овој процент од 7%, тука малку ќе се задржам, во првиот дле од моето излагање ќе зборувам малку за процентот, а потоа ќе зборувам за приходите на овој ребаланс на Буџњетот и на крајто ќе се задржам на расходната страна.

Почитуван министре само накратко ќе кажамнешто, да ви дадам на знаење односно да го искажам моето сомневање во овој процент од 7%.

Мислам дека пресметката на процентите, методологијата преку која се добиваат овие проценти некако како да ви стана во навика да биде што поголема за подобро народот да ја прифати, дури би рекол дека тоа е малку популистички.

За вас како министер за финансии би сакал да кажам за еден наш проблем, иако можеби малку ќе излезам од темата, но само на кратко. Имено вие тоа не го знаете, бидејки јас зборував овде за процент, знаете дека средства во висина од околу 43 милијони денари оваа Влада под притисок на пратениците од опозицијата, пред се на пратениците од струмичкиот регио. Имено, оштетените села и населени места од струмичкиот регион, од општина Босилово добија над 43 милијони денари. Само за ваше запознавање, мислам дека тоа не го знаете, вие само знаете дека Владата имаоделено 43 милијони и не знаете понатаму што се случува.

Од тие 3-4, 5 населени места и села, во трите исплатата беше добра, 30 или 32%, но во едното населено место процентот по кој се делени паричните средства, затоа се сомневам и во овој процент, некој по своја методологија си го има пресметувано процентот односно некои имаат добиено 7 до 10% оштета, а некои имаат добиено 50, 60, 70%, или почитуван министре, еве слободно можам да кажам, иако вие можеби не сте виновен за тоа, тоа пред се одеше преку Минситерството за шумарство и водостопанство, да знаете дека 7 до 10% средства имаат добиено семејствата кои се симпатизери на СДСМ, а оние кои се на ВМРО-ДПМНЕ, околу 50, 60 и 70%. Затоа многу не верувам во овие проценти, затоа не верувам многу во методологијата во која се пресметуваат овие проценти.

Понатаму, би кажал нешто за инфлацијата што ја имате дадено од 0,8% во овие 4 месеци. Овој процент, јас како пратеник односно општоприфатливо е дека тоа е една реална бројка од 0,8 и тоа го имате образложено, поради непокачување на горивото во Република Македонија за овие 4 месеци, поради намалување на парното греење, поради незголемување на тутунските производи и поради незголемување на електричната енергија. Тоа се неколку фактори кои делуваат најмногу на инфлацијата и бидејки овде немаме промени јас овој процент би го прифатил, иако не би се согласил во една друга работа, околу тоа дали луѓето во Македонија живеат подобро или не живеат подобро, затоа што ако се осврнеме на секојдневните трошоци за прехранбени производи, земјоделски производи и за се што народот треба да одели средства од сопствениот џеб, мислам дека овие производи на ниво на Македонија секаде се покачени, но сепак најверојатно и така мислам го имаат помалото влијание да делуваат на инфлацијата или да ја зголемат оваа бројка повеќе од 0,8%. Но, тоа е во овие 4 месеци, јас го прифаќам, така е, мислам дека е така, но овој процент од 0,8% мислам дека до крајот на годината нема да се задржи затоа што ни престои период во кој мислам дека електричната енергија нема да се задржи на ова ниво, можеби нафтата ќе биде тука, горе долу за малку ќе има промени и моја прогноза е дека и тутунските производи ќе се зголемат од кои знаеме дека доаѓаат некаде околу 650 или 660 милијони евра во приходите односно ја полнат државната каса.

За индустриското производство, од она што го имаме пред нас, имаме пораст за 10% повеќе од она што е планирано на почетокот на годината. Еден од главните фактори е тоа дека натфрлувањето на инддустриското производство за 10% од планираното, односно дека во моментот има, во тоа учествува со 26% натфрлување над планираното, или како главен двигател се става вадењето на руда и камен. Сега немате напоменато односно немаме овде пред нас на што се мисли. Јас мислам дека вчера во дискусијата некој колега спомна, можеби требаше да имаме дадено дали тоа се однесува

на Фени, Бучим, Саса и т.н., но не е битно, сепак тоа е еден процент за почитување, но мислам дека на крајот на годината планирате индустриското производство да биде 6,1% или тоа што ви е во планот. Сега зошто толку голем процент имаме во овие 4 месеци, не знам дали е сега сезона, дали е ваш најголемиот ископ на овие најголеми фактори што влијаат на индустриското производство. Но, на крајот, сепак планираното е 6,1%, дека така ќе заврши годината со индустрискиот пораст и тоа е некаде во оној процент кој треба да биде на крајот на годината, тој што е планиран.

Околу јавните финансии имате спомнато дека се пред се од стабилно водење на фискалната политика и имате напоменато дека даночните приходи имаат пораст од 10% повеќе од планираното. Тоа го темелите на Царината на економскиот раст, на Управата за приходи.

Јас би сакал овде да искоментирам, да го кажам моето мислење и уште на почетокот ќе кажам дека не се согласувам со вас дека тоа се темели на Царината и на економскиот раст, од причини што во самиот Извештај што го имаме имате кажано дека намалувањето на приходите во Царината е помало од причини на слободна трговска размена со одредени земји, а од друга страна не верувам дека баш Царината сега толку е ефикасна и има толку средства на прибирање, макар тоа да беше напишано и на 3, 4 страни, најмалку верувам дека од економскиот раст имаме зголемување на приходите затоа што гледаме колку, секој пат најавуваниот економски раст, влегувањето на странски инвестиции, вложувањето на домашните компании, според мене е на многу ниско ниво и не верувам во тоа. Сега тука можеби ќе се согласам со вас околу УЈП, околу контролите што се прават, иликако што вчера еден колега во својата дискусија рече дека можеби има и навистина има контроли од УЈП и можеби овој процент од 10% натфрлување на приходите од даноци има влијание и еден страв влејано кај бизнисмените, кај работодавците кои немаат платено или измируваат некои сметки од една две години наназад и во тековната година да бидат дисциплинирани, да си ги подмируваат давачките. Значи од овие 3 напоменати институции што ги давате како фактор за зголемување на даночните приходи. Јас не би ги прифатил овие што ги имате од Царината и за економскиот раст, а образложив зошто тоа не го прифаќам, а зошто го прифатив другото односно третиот фактор, УЈП каде што секојдневно на ТВ и во весници читаме дека има контроли од инспекторите на територијата на цела Република Македонија. Сега слободно ќе кажам дека тоа е добро. Но, почитуван министре мислам дека овие инспектори од УЈП треба да ги испратите односно да добијат задолженија и малку повеќе да ја контролираат Западна Македонија, затоа што знаеме, читаме, гледаме од Охрид и Струга до Струмица, Радовиш, Штип, Кочани, за овој дел сеуште не сме слушнале дека можеби ќе иманекој контрола, но не се од толкав голем интензитет како што е во останатиот дел од нашата држава.

Друго што би сакал да ви дадам на знаење, почитуван министре, за овие даночни приходи да не бидат 10%, еве тоа е една моја сугестија, можеби нема да сум во право, но сепак можеби и ќе има некоја корист односно добронамерно го кажувам тоа, овие 10% надмашувања, според мене, на приходите од планираните и покрај тоа што знаеме и секој ден во печатот и на ТВ гледаме дека има намалување на ДДВ во земјоделието, намалување на персоналниот данок, воведување на рамен данок и т.н. Значи тука како што рече колегата Ристо Пенов кажа дека, споредкекоја негова проценка, се работи некаде за 40 до 50 милијони, а останатиот дел, 150 милијони доаѓаат од вистинските прибирања на даночните приходи, а од овие што секојдневно ги имаше на ТВ, за намалување на овие даноци, со голема реклама, се од 40 до 50 илијони.

За да имаме уште поголеми прибирања на даночните приходи, почитуван министре мислам дека треба да се води сметка околу, имаме зголемвување од прибирање на ДДВ, данокот на добивка, како на месечно така и на годишно, ако вие како Влада,како Министерство, не лично Министерството за финансии, но како Влада би ве потсетил, Министерството за труд исоцијална политика повеќе да врши контроли во оние фабрики каде имаме од 20 и 50 па нагоре вработени, секогаш, гарантирам дека барем 30% од работниците не се пријавени, некаде има и 50% непријавени работници. Затоа овие работодавци остваруваат многу повеќе добивка од заштедата на непријавените работници, бидјеки како што знаеме, вие подобро знаете од мене дека еден работник за да си ги плаќа придонесите, здравственото и пензиското осигурување, некаде е околу 5 илјади денари или заокружено на 100 евра.

Еве,можеме слободно да ја направиме математиката, 50 вработени, 200 вработени или на годишно ниво некаде еден фабрикант или една шивална во Република Македонија со 200 непријавени, ако има 500 и 600, некаде милион или милион и 200 евра годишно, на годишно ниво заштедува односно да има добивка на основа на непријавени работници во своите фабрики. Ако тоа го средиме како држава, секако дека ќе имаме побогат здравствен фонд, зголемени средства во Пензидкиот фонд, ќе имаме раздвижување и другите сфери на животот, зголемување на ДДВ, данокот на добивка и тн. Штом овој бизнисмен односно работодавец има корист или остварува добивка од некаде од 500 евра до милион и 200 евра на годишно ниво, тогаш тој еден дел од своето производство не го прикажува, затоа што овие работници не му фигурираат во фабриката, така што губиме и на ДДВ и на данокот на добивка.

Понатаму, би продолжил околу, имам една енигма можеби не сум во право, но сепак ако немате ништо против на крајот може да ми

објасните и да ми дадете соодветен одговор и да бидам демантиран во тоа што се сомневам. Јас околу девизните резерви спрема она што го имаме овде во ребалансот кажувате дека девизните резерви ни се зголемени некаде за 23 милиони евра за овие 4 месеци, мислам дека тоа се однесува од декември наваму, а вкупните задолжувања на Република Македонија се намалени за 61 милион евра во однос на декември минатата година. Тука кај мене се појавува една дилема, јас токму и сакав да ги добијам податоците за она раздолжување кон Светската банка од 103 милиони, спрема Парискиот клуб, некаде колку беше 50, 60 милиони, значи вкупно некаде околу 108 милиони кои што ги раздолживте од државните резерви. Има еден период некаде од околу еден месец, тоа овде барем така го пишува, дека државните резерви се на крајот на март толку, а раздолжувањата односно намалувањето на долгот на Република Македонија, дали се работи за странски кредитори или за домашни е за 61 милион на крајот на четврти месец. Значи тука се појавува еден вакум, кој што на крајот на годината ќе излезе што кај мене се појавува еден сомнеж, овие пари да не се вратени токму во овој период, кога според тоа што го имаме дадено е за овие месец дена. Значи, 30 на крајот на март и 30.04. Инаку, како што рече претходниот дискутант во Република Македонија овие неколку осум, девет, десет месеци од кога е оваа Влада дека имаме некаде околу 200 милиони евра средства кои што навистина се за почитување, но дали се наменски трошени или се трошат, тоа што ќе го потрошиме, ќе го потрошиме, сега имаме околу 90 милиони со овој ребаланс понатаму да се потрошат во наредниот период односно до крајот на годината.

Понатаму, би продолжил и би се задржал околу расходната страна и би продискутирал и би дал свое размислување за неколку проекти, кои според мене не би требало, нешто повеќе што јас мислев да го кажам, го кажа и господинот Ристо Пенов, но сепак во еден дел од дискусијата, можеби ќе се повторам со него, меѓутоа сепак би сакал да го кажам тоа што и го мислев, бидејќи мислам дека треба да го слушнете и сметам дека нема да се повторам 100% со него.

Пред се, се работи за средства кои што мислам дека не требаше да се трошат таму, односно да се наменат таму, бидејќи, во сферата, на пример, на образованието во градењето на спортски сали. Исто така, господинот Пенов рече за северната трибина, а тука се работи за едни средства со поголема сума, на пример, за северната трибина 150 милиони денари, за спортските сали 150 милиони денари, за привлекување на странски инвестиции, покрај тоа што во минатата година многу потрошивме, моите колеги од СДСМ редовно на можеби, ако не на секоја седница на пратенички прашања бараат објаснување колку има потрошено за овие односно колку средства има потрошено за привлекување на странски инвестиции. Сега, да не зборувам, да не навлегувам во тоа колку трошат министрите, не би сакал за тоа да зборувам, но сепак има многу потрошено и пак имаме некаде 200 милиони денари предвидено за привлекување на странски инвестиции, а помина доста време, близу една година странски инвестиции и странски инвеститори, освен неколку, со кои што гледам дека се гордеете, а тоа се однесува пред се на Охридска банка и воведувањето на трет мобилен оператор, па според мене тука и ви се сведуваат странските инвестиции кои се во Македонија влезени во последните седум-осум месеци и некои странски инвеститори кои во моментов се во Македонија, упорно си ги ставате на свое конто. Вие знаете кои се тие и не би сакал да се повторувам со претходниот дискутант и со некои мои колеги што имаат дискутирано во минатиот период.

Нешто би сакал да нафрлам околу социјалните придонеси, каде што имате намалување на средствата, а од кои причини не знам. Вие како што кажувате сте Влада односно партија, сега конкретно би кажал партијата ВМРО-ДПМНЕ дека се грижите за социјалата, а средствата ги имате намалено, сега баш не знам за колку, но мислам дека се работи за некоја сума од, за поголема сума не можам сега да ја видам, но сепак средствата за социјалата ги имате намалено што не е добро, бидејќи вие се декларирате како партија која што се грижи за сиромашните односно за невработените, што не е добро. Најмногу средства имате во градење, како што спомнав претходно на спортски сал, иако имаме започнато од претходната Влада кога сегашниот премиер Никола Груевски беше министер за финансии, имаме започнато во Република Македонија околу 30 до 40 сали, кои сеуште не се завршени, а сега со овој проект за изградба на спортски сали, не да ги довршиме оние кои ги имаме започнато, туку почнуваме со нови спортски сали. Мислам дека сепак не да сум против изградбата, не да сум против тоа дека младите и учениците да спортуваат, тоа е добро, но 30 до 40 сали да се прават, мислам дека е многу. Моето размислување можеби е тоа да биде некаде околу 5, 6 сали во поголемите градови или ете како што последните денови имаме сознание дека ќе има една спортска сала за Универзитетот “Кирил и Методиј”, една во Штип, што можеби е добро. Еве, ќе кажам дека е добро, но другите сали кои што се предвидени а има поголеми, еден добар дел од овие средства 90 милиони евра оди и на ова конто односно на Агенцијата за млади и спорт, која што понатаму ги распределува парите за изградба на салите. Да не се повторувам, исто и северната трибина што треба да се гради, односно да се доградува со 150 милиони денари и имаме, ние многу дискутиравме околу слободните трговски зони во Република Македонија, кои што според овој ребаланс се однесуваат на Штип, Тетово и Скопје, има 441 милион денари поделено од овие 90 милиони евра. Значи, од сите тие вложувања,

да не ги набројувам и оние другите за кои мислиме дека не требаше да се градат, можеби по вложувањето на овие слободни економски зони е најприфатливо за мене од една страна, но од друга страна пак е неприфатливо, затоа што ние знаеме дека на овие слободни економски зони ќе доаѓаат странски инвеститори, странски бизнисмени, ќе вработат колку ќе вработат, нека биде тоа и поголема бројка на граѓани на Република Македонија, но ќар има само од вработувањето, а ќар ќе нема од самите производи, кои што ќе одат односно ќе се враќаат или ќе имаат излез од Македонија во матичната земја од каде што ќе треба да се дистрибуираат.

На крајот, би сакал да кажам нешто и околу, почитуван министре, средствата кои што се планираат односно се наменети за земјоделството, бидејќи доаѓам од таков крај, доаѓам од струмичкиот регион, каде што населението се занимава со 80% со земјоделие. Дури и од изборната единица од каде што доаѓам 4 од Прилеп до Радовиш е 80% земјоделски крај.

Би спомнал за програмата што ја имаме односно што ја има Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, каде што се планира субвенционирање на одредени производи, а јас ќе се задржам на два и ќе спомнам можеби трет, но пред се ќе кажам за пченицата каде што имате планирано субвенционирање на површини односно дали се работи за индивидуални земјоделци, дали се работи за некои поголеми стопанства од типот на земјоделските индустриски комбинати, што сега се нормално приватизирани, дека субвенции ќе има за оние за кои што имаат 10, најмалку 10 хектари и дополнителен услов е дека треба да има производство, односно овие 10 хектари да дадат род од минимално 250 или 2,5 тона од 10 хектари. Јас мислам и така е и гарантирам дека од индивидуалните земјоделци од овие средства ама баш никој нема да земе ниеден денар. Тоа ќе биде така, затоа што знаеме дека нашите земјоделци располагаат со помали количини на земјишта, нашето земјиште е расцепкано и 10 хектари верувам од Прилеп до Радовиш никој нема посеано пченица, освен оние комбинати односно приватни бизнисмени кои ги имаат земено комбинатите кои што беа во претходниот систем и располагаат со големи површини на земјиште и имаат услови да имаат и богат род, затоа што тие се луѓе кои што имаат и финансиски средства и можат да го подобрат родот на пченицата. Значи, тука да сме начисто, индивидуалниот земјоделски производител нема да земе еден денар од тоа. Сега, не знам, во овој ребаланс имате напоменато дека близу еден милион евра има планирано за сушата, што за пченицата не знам дали тоа се однесува за оние што имаат по 10 хектари, за оние што ќе имаат принос помал од 250 кила по декар или пак се однесува за оние што ќе имаат повеќе над 10 хектари. Иако, овие средства од еден милион се малку од поодамна, јас слушав на телевизија кога ги најавивте, секогаш на пресуди, а овде во ребалансот е кажано дека е поради сушата. Мислам дека тоа во овој ребаланс е измислено, не е поради сушата, туку овие средства се малку поодамна кога немавме ни абер дека ќе биде сушна годината. А, овде се кажува дека е тоа за сушата, но ќе видиме, ако може пак да ми одговорите, гледам дека не се јавувате за реплика на никој да им објаснувате после говорите на пратениците, но сепак ако се јавите да ми кажете овој еден милион евра дали се пак за тие над 10 и над 250, 2,5 тона пченица или се за оние другите индивидуални земјоделци кои што имаат под 10 хектари. Тоа е една работа.

Јас знам дека ќе ми кажете, да беше министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство тука, а сигурно и вие министре знаете, ќе кажете дека тоа е според европските стандарди, така мора да биде, но јас и сите знаеме дека во Македонија можеме да донесеме некој закон, можеме да изгласаме некој закон за доброто на Македонија, но не можеме овие закони сега да ги применуваме, не од сега, не можеме ни од 01.01.2008 година, затоа што условите кај нас сеуште не се и мораме да сметаме на земјоделците индивидуални, индивидуалните земјоделци кои имаат помали површини на земја, на земјоделци кои што имаат по пет грла говеда, затоа што над пет се многу малку, 20% под пет се пак 80%. Овие средства кои што треба да ги земат земјоделците односно кои им следуваат се однесува на оној слој односно на појаките земјоделци или оние кои што ги имаат наследено комбинатите од претходниот период.

Исто така, како што реков за пченицата зборувам и за стимулацијата која што се однесува на оние земјоделци, сточари, кои што имаат под пет грла и овде ви гарантирам дека земјоделците, оние малите земјоделци нема да земат ама баш ниту еден денар од овие средства. Знам дека министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство кажуваше и тоа, и така е, дека така мора да биде. Ние донесовме неколку закони за субвенционирање, но сепак јас би кажал дека, мислам Агенцијата за финансирање на рурален развој, овој закон го донесовме некаде пред два-три месеци, покрај средствата кои што ќе доаѓаат од Европската унија за инвестирање, за субвенционирање во земјоделството, сепак во оваа Агенција за финансирање имаме средства кои што треба еве од овој буџет да се одделат, да се дадат на Агенцијата и оваа Агенција да ги финансира односно да ги субвенционира земјоделците. Бидејќи сеуште не сме зрели за применување на такви европски закони во Македонија, во оваа Агенција треба, еве вие како Министерство за финансии, како Влада, да одделувате пари, средства со кои што средства ќе се субвенционираат земјоделците, оние малите индивидуални земјоделци кои што не можат да имаат над еден хектар пченица, кои што не можат да имаат над пет грла говеда, да бидат субвенционирани токму од Буџетот на Република

Македонија, да се слеват во оваа Агенција и од таму средствата да се субвенционираат за оние ситни земјоделци.

Тоа не мора јас да го кажам, сигурно министерот за земјоделие има сознанија дека пријавувањето на индивидуални земјоделски производители на пченица е многу мало оваа година односно за 2007 година и на сточарите е многу мал бројот, намалено од 3,5 илјади на илјада, со што се потврдува тоа што цело време го зборувам дека индивидуалните земјоделски производители ќе замат најмалку пари од овие бомбасто најавувани 20 милиони евра кои влегуваат во земјоделието.

Мислам дека од претходните години земјоделците ќе добијат најмалку пари во однос на претходните години.

На самиот крај имаме многу зборувано, многу кажувано за тутунот во Република Македонија, па почитуван министре мислам дека треба тутунските производители да се субвенционираат, да се стимулираат за зголемување на површините под тутун од причини што имаме шанса Буџетот двојно повеќе да се полни отколку до сега од оваа гранка. Сега, спрема оние површини, спрема оние количини кои Македонија ги произведува се 150 милиони евра со стимулација, но не таква каква што беше во претходните две години од 15 денари, туку тутунарите да ја добијат онаа стимулација, па треба да оделите некаде 30 денари. Не толку колку ветувавте во предизборната кампања по 50-60 денари, нека биде 30 денари имаме шанса да го зголемиме производството на тутун од причини што сеуште не сме во Европската унија, а во нашето соседство имаме земји кои со влегувањето во Европската унија пред се се однесува на Бугарија и Романија ќе бидат ограничени со површини, со сорти кои треба да се посадат и шанса ни е на нас како Македонија која слободно може да ги зголемува овие површини и да има поголем ќар барем 300 милиони годишно да заработува од извозот на тутун. Тоа најмногу зависи од вас дали ќе биде зголемено или не, јас мислам ако се субвенционира тутунот со 30 денари сепак ќе дојде до зголемување на површините во Република Македонија со тутун.

На самиот крај би сакал да го искажам моето незадоволство околу расходната страна за неколку министерства, пред се за МВР има 197 милиони евра за опрема, возила, машини, што е голема сума што се троши за неекономски цели, за возила, мебел.

За слободната економска зона 441 милион денари, овие би ги прифатил, бидејќи ќе значат вработување и никаков ќар во Македонија од слободните економски зони. Еден сум од големите противници на вложувањето во привлекување на странски инвестиции, а занемарување на домашните. Тука се 267 милиони за економска промоција, 452 милиони слободна економска зона, а имаме намалување на социјалните аспекти во Република Македонија за социјална заштита да бидат помали за 401 милион денари. Тоа не го прифаќам и останува, почитуван министре, до крајот на годината да видиме дали овие бројки, овој раст со кој почнав на почетокот и со тоа ќе завршам, од 6% кои ги планирате да ги остварите и дали тоа ќе биде реално, тоа е друга работа, но се надевам дека ќе имате таков раст, но средствата кои до сега се 200 милиони евра ќе бидат правилно насочени за економски развој на Македонија, а не за градење на сали, трибини, компјутери итн.

На крајот би сакал да кажам за компјутерите, тоа го зборував минатата година за Буџетот, мислам дека тогаш имаше планирано околу 7-8 милиони евра за компјутери и кога ние од СДСМ зборувавме дека овие средства се мали за 2007 година иако имате најавено дека во 2008 година ќе има плус 5-6 милиони за компјутери, тогаш рековме дека овие средства се мали, а вие кажувавте дека оваа Влада е подготвена да набави најефтини компјутери во историјата на Република Македонија. Според ваши кажувања компјутер од 100 долари. Тогаш велевме дека не е можно да се набават компјутери од 100 долари, но кога ние зборувавме вие ни се смеевте и еве денеска дојдовме на тоа првиот тендер што ви е распишан за компјутери, најмалата понуда, планираните 8-9 милиони не ви стасаа и најмалата понуда е 15 милиони евра за овие компјутери и гледаме дека во овој ребаланс ги планирате во образованието во ставката за набавка на мебел, опрема итн. Значи, едно е планирано, а друго е дали ќе биде така или едно е да се надеваш, а друга е стварноста.

Еве, тоа сакав да го кажам за компјутерите и само по 5 месеци тоа што го зборувавме во декември се покажа како точно дека тоа што опозицијата можеби 20 пратеници кажаа дека не е можно со тие средства да се набават толку компјутери, вие ни се смеевте, еве сега со оваа ставка сами се негирате и ни кажувате дека со одвојувањето средства за компјутери сме биле во право дека овие средства биле мали.

Да не должам многу, но во зборувањето ми доаѓаат идеи што би сакал да ги кажам, но не сакам да одземам повеќе време, сите тие ставки односно расходи кои се наменети и кои ги спомнуваме дали е подобро да се пренасочат во подобри училишта, бидејќи имаме училишта од 30-40 години нечепнати, за подобри клупи за учениците, за подобра инсталација во училиштата.

Но, оваа Влада е амбициозна и по секоја цена планира да ги набави овие компјутери, но мислам дека во многу училишта компјутерите ќе мора да почекаат во некоја просторија додека се добие добра просторија, инсталација, клупи, столчиња итн.

Еве, толку би имал да кажам околу Буџетот, тоа се моите размислувања и се надевам дека еден дел од сугестиите тоа што го зборував, имам поднесено амандмани, пак ќе кажам понатаму и

ќе барам средства за остварување на одредени цели кои мислам дека се подобра солуција од она што Владата го има дадено во овој ребаланс. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Киров.

За реплика се јави госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам потпретседателе, кратка реплика по однос на излагањето на господинот Киров.

Во делот каде изразува недоверба заради зголемување на наплата на приходите по основ на Царината, само ќе кажам, немојте да изразуваме такви недоверби господине Киров затоа што наплатата во првите 6 месеци е зголемена за 16% во однос на минатата година. Тоа се статистички показатели. Она што реално се случува во Царината, тоа е што навистина имаме зголемување на наплата поради низа факти, меѓутоа, еден факт е дека Царината одлично работи во овој период и да не ги негираме тие резултати, таму се подобрува работата по однос на прибирање на Царината, а второ, како што знаеме, во овој период особено во првиот квартал во 2007 година имаме зголемување на увоз на опрема дури за 48%, тоа се статистички показатели и немојте да очекувате недоверба дека тие показатели се нереални.

Второ, изразивте одредено негативно мислење во однос на прибирањето на ДДВ во УЈП каде кажавте дека луѓето од страв ги даваат тие пари. Дури има некои што две години не плаќале. Ако не плаќале 2 години не е добро, што значи системот не бил добар за прибирање на податоци. Јас потекнувам од УЈП, таму бев контролор и инспектор и можам да ви кажам тие служби навистина бараат големи реформи особено во кадровскиот потенцијал и добро е да се вршат низа активности во подобрување на собирањето на приходител. Тоа можам со сигурност да ви го кажам дека во овој период наплатите се подобрени, добро е да има контрола, меѓутоа, луѓето сами да разберат дека наплатата по основ на ДДВ припаѓа на државата и колку побрзо и поефикасно се наплаќаат тие приходи толку подобро за сите нас. Нешто фалело во таа алка на прибирање на податоци, на прибирање на ДДВ доколу луѓето по две години не плаќале давачки по овој основ.

Она што го кажавте дека во Западна Македонија не се прибираат вакви давачки, тоа е континуиран процес на “позитивна дискриминација”, сега се поместија работите но долг период од осамостојувањето таму имаме црна точка во прибирање на ДДВ. Тоа не е од сега, колега. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика од една минута господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе, еве ќе се обидам во оваа минута да дообјаснам некои работи.

Колешке Авировиќ, јас реков намалување од планираното. Не споредувам со претходната година. Тоа го пишува во извештајот, сега не можам да го најдам, ама кога ќе го најдам ќе ви го покажам, значи намалување во однос на планираното поради воведување на слободна трговска размена со одредени земји.

Околу ДДВ кажав една година, две години, тука мислев и на други даноци кои од некоја немарност одредени институции го немаат плаќано, сега го плаќаат.

Бидејќи немам време, за Западна Македонија гоа што го кажав јас и вие го признавате, но бидејќи оваа Влада се фали дека за сите граѓани на Македонија не признава ни пријатели ни братучеди, мислам дека треба повеќе акцент да се удри на Западна Македонија околу прибирањето на даноците. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги, почитуван министер, дозволете ми во кратки точки да го дадам моето мислење во врска со ребалансот на Буџетот за 2007 година.

Уште на почеток сакам да демантирам тоа што го кажаа колегите кои меѓу другото нагласија дека во Западниот дел на Македонија не се плаќаат или се плаќаат многу малку сите даночни облици. Моите податоци говорат нешто друго, почитувани колеги. Бидејќи бев инспектор во УЈП, последната информација со која располагам освен единицата во Скопје, на второ место по реализирање на даноците е единицата во Тетово, што значи дека не е вистина тоа што се нагласи од колегата, а не еден начин се поддржа од колешката која реплицираше.

Но, како и да е, ќе ми дозволите на кратки точки да го кажам моето мислење по однос на ребалансот, за што повеќе од 5 години во ова Собрание, но овој пат ќе се потрудам во кратки точки да ги кажам моите сугестии, забелешки и нормално доколку предлагачот односно министерот оцени дека забелешките кои ќе ги предложам се разумни и држат, можеби ќе ги прифати.

Сите знаеме дека Буџетот е план на приходи и расходи, кој се донесува во согласност со една ночело кое го викаме начело на буџетски еквилибар.

Во моментот кога се крши ова начело се предлагаат измени наречен буџетски ребаланс. Доколкук сме внимателни економските параметри на кои е заснован предложениот ребаланс ќе дојдеме до констатација дека овие макроекономски параметри се истите параметри, нормално со неколку измени и неколку нијанси врз кои се заснивашe Буџетот донесен во декември 2006 година, значи Буџетот за 2007 година.

Доколку се констатираат податоците реализирани врз овие параметри од претходниот

период така како што е нагласлено во воведниот дел на овој ребаланс сме дошле до констатација дека е реализиран пораст на индустриското производство од 10, намален е трговскиот дефицит преку порастот на извозот во споредба со увозот. Има раст од царините, акцизите, но и покрај тоа во овој контекст мојата забелешка е во насока на тоа дека овие податоци кои се макроекономски параметри доколку се реални и вистинити, мојата оценка е дека буџетската структура како во општиот дел така и во посебниот дел би имала поинаква буџетска структура.

Но, во оваа прилика кога говориме за овие параметри имам друга дилема, која се работи за растот на приходите од Царината кога се има во предвид фактот дека кај нас Царината се плаќа само во текот на увоз на производи, а од друга страна ако се има предвид фактот дека се повеќе процентот на Царината се либерализира, бидејќи настојувањето е дефинитивно во оваа насока да се усогласи ова прашање со директивите на Европската унија , но кога се има предвид фактот дека растот на извозот во споредба со увозот како што се презентираше во воведниот дел од овој Буџет е прашање кое ми раѓа дилема дали во овој контекст навистина можеме да имаме раст на приходи реализирани од Царината, би рекол и од акцизните приходи.

Но, како и да е буџетските приходи како што се нагласи од неколку колеги и како е презентирано во воведниот дел на овој Буџет, во минатиот период има пораст на тоа што беше проектирано во Буџетот кој се донесе за оваа година. Се говори за раст на донокот од добивка за околу 50%, иако во овој контекст, јас сум длабоко убеден дека овој раст, според мое мислење, не значи дека е раст поради порастот на ефикасноста на даночната управа, во целост на даночната управа, но ценам дека, кога го имам предвид еден друг пат, дека данокот од добивка се реализира од една категорија, која го има како успешниот биланс. Оваа категорија, бидејќи се определува во успешниот биланс, остава да подразбереме дека добивката која ја имаат реализирано деловните субјекти, е реализирана во 2006 година. И доколку е вистина дека овие субјекти во овој период реализирале добивка и биле толку рентабилни и толку успешни во нивното работење, за да може да има раст и данокот од добивка на ова ниво, мислам дека е за поздравување. Растот на ДДВ од околу 33%, но тоа што посебно не загрижува е тоа, како е можно да имаме раст на приходите од персонален данок, кога се има предвид фактот дека пред извесно време, или во декември го изменивме даночниот процент, а од друга страна, податоците кои ги поседувам говорат дека деловните субјекти и понатаму над 35% не се легализирани.

Во оваа насока не би се согласил што се наведува во воведниот дел на Буџетот дека овој раст на персоналниот данок е резултат на растот, или легализирањето на нелегализираните деловни субјекти.

Буџетските расходи кои беа предвидени со Буџетот, за да се изврши во 2007 година, посебно со расходите наменети на капиталните инвестиции, како што се нагласува и во воведниот дел на Буџетот, но и другите органи имаат презентирано податоци дека и покрај тоа оваа количина наменета за овие инвестиции не е реализирана на нивото на која што е проектирана, или е реализирана околу 13%.

Загрижува овој факт, но и покрај тоа што јас сакам да го знам, е каде е вината на нереализирањето на овие средства наменети за овие инвестиции. Дали вината е кај некоординирањето на управните органи, или на некое друго место.

Од сето ова што го кажав, во согласност со овие параметри на овие проекции, се предвидува и понатаму раст на јавните приходи, пораст на буџетските расходи, пораст на реализирањето на приходите од данокот на добивка, од данокот на додадена вредност, од персоналниот данок на доход, од царините, од акцизите итн.

Но, исто така, се предвидува раст на буџетските расходи, што оценувам дека е од големо значење и нормално, овде ќе се задржам малку повеќе. Расходите за капиталните инвестиции некаде околу 18% средства кои во овој период до 31 декември се предвидува поголемиот дел да се инвестира во таканаречените индустриски или технолошки зони. Јас лично сум длабоко убеден дека основањето на овие зони ќе влијае позитивно во насока на стимулирањето на странските директни инвестиции, бидејќи би рекол дека и слободните економски зони, или технолошките зони, имајќи го предвид фактот дека прометот во овие зони се врши без даночнио оптоварувања, или се предвидуваат даночни олеснувања итн, влијае во насока на стимулирањето на странските инвестции.

Но, и покрај ова, кога сум овде, сакам да нагласам дека покрај основањето на слободните зони, но претходно така како што е постапено во многу посткомунистички држави, држави во транзиција, кои сега и рекоа збогум на транзицијата, а би ги нагласил во оваа прилика Унгарија, Чешка и Полска, кои уште од 1993 година, во еден регион кој се нарекува Катовице, основа слободна економска зона и во оваа зона се инвестираа многу средства. Се инвестира во висина од над 3 милиони евра, само во првата година од основањето.

Кога сум овде, сакам да нагласам дека Полска и за другите држави веќе нагласив, кои се сметаат како доста успешни држави, во насока на стимулирањето на странските директни инвестиции, почнаа со овој процес на отворањето на слободни економски технолошки или индустриски зони, само по нивната политичка стабилност, нивната правна стабилност, стабилизирањето на банкарскиот систем итн.

Во оваа насока, се поставува како прашање, каде сме ние во оваа насока, кога се има предвид еден факт дека ние овде од ова Собрание, еве веќе 5 години сум во ова Собрание, речиси законите кои се носат по два три месеци, истите закони се предлагаат, се менуваат и изменуваат и со ова се создава една нестабилност, тотална правна нестабилност.

Не би сакал да говорам за полтичките околности внатре, а посебно надвор, кога се има предвид актуелниот факт во решавањето на Косово и сето ова ценам дека влијае негативно на оваа насока. Иако, ќе повторам уште еднаш е добро што се предлагаат слободни економски зони, бидејќи е еден значаен фактор во оваа насока. Ќе видиме колку овие средства, кога ќе се подготви завршната сметка, колку од овие средства ќе можат да се реализираат за овие цели за кои се наменети или предвидени.

Едно друго прашање, кое за мене е клучен столб, е прашањето во однос на децентрализацијата. Вистина е дека во владините програми, презентирано овде и во Предлог ребалансот, се предвидува прашањето на децентрализација. Но, има една друга вистина. Сите знаеме дека Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, кој се донесе во согласност со проектите во врска со надлежностите кои се пренесоа во првата фаза од децентрализацијата, се предвидува одредени приходи, изворни и други приходи, кои се пренесуваат од централно на локално ниво, преку разни дотации.

Кога се има предвид фактот дека е моментот кога треба да отпочне втората фаза на децентрализацијата, се поставува како прашање дали, доколку нормално предвидени се неколку општини кои ќе отпочнат со втората фаза, од овие општини можат да се реализираат овие надлежности во оваа количина со која располагаат средства.

Верувам дека сите ќе се согласиме дека без јавни приходи, без финансиски средства во ниту еден начин, ниту еден орган, опфаќајќи ги и единиците на локалната самоуправа, не можат да ги реализираат нивните предвидени законски надлежности кои се делегирани надлежности.

Во оваа насока, сакам да нагласам дека во врска со фискалната децентрализација, пренесување на средства од централно ниво на локално, освен ова што е предложено, не само дека не е предвидено ништо, а што е уште полошо дотациите од ДДВ се предвидува да се намалат дотациите наменети исто така се предвидени да се намалат, додека од друга страна, ќе повторам уште еднаш, се говори за отпочнување на втората фаза на децентрализација.

Има и друго прашање кое неколку пати е нагласено од мои колеги. Растот на средствата наменети за економски промоции, растот на средствата наменети за таканаречени договорни услуги и тоа што посебно ми остави впечаток е дека во овие две ставки, средствата или расходите се зголемуваат за 100%.

Кога се говори за договорните услуги, да ви ја кажам вистината, јас имам и друга дилема која повеќе е од правен карактер. Дали за реализирањето на овие услуги има вистинска правна основа или не. Настојував да го видам законот за реализирање на Буџетот за 2007 година и најдов еден член 21, но ова ќе го оставам на времето да верифицираме и покрај тоа која е вистинската основа за реализацијат која е наменета за овие други договорни услуги.

Ќе повторам уште еднаш дека имаме пораст на средства. Добро е јавно ќе кажам, добро е што имаме пораст на средства во неколку области и сегменти, но и покрај тоа кога се говори за растот на средствата, посебно, не ви одземам многу време, кога се говори за растот на неколку средства, посебно во областа на високото образование, бидејќи нормално, не сум против Штипскиот универзитет. Добро е што се гради овој универзитет во Штип. Добро е што се инвестира во универзитетот во Штип, но верувајте ми дека би било многу подобро најмалку да се доделеа средства и за изградбата на одредени објекти во ДУТ во Тетово. Се отпочна еден објект во овој универзитет. Тој објект остана каков што е останат. Се говори за одредени простории, но и покрај тоа просториите се тие кои што се. Во иднина немаме информации, како што кажав и во моментот кога се донесе Буџетот, сум го кажал и друг пат кога разговарав во однос на ова прашање, тоа не го кријам и јавно го велам, но ценам дека е последен пат и покрај тоа да се интервенира во оваа насока, во овој универзитет да има вистински простории за развојот на воспитниот процес.

Кога сум на ова прашање, сакам да нагласам дека е добро и од оваа Влада да се продолжи во насока на стимулација на некоку стидиски програми кои се во интерес на државата. Во УИЕ, од причина што се отпочна со еден став дека од страна на Владата да се стимулираат и да се финансираат неколку студии во јавната администрација на овој универзитет. Но, жалам што оваа идеа не успеа, би рекол, да се имплементира и да биде во тренд од оваа Влада, но нормално, и од тие во иднина да можат да се финансираат неколку студии на овој универзитет.

Сакам да нагласам дека овој универзитет се повеќе добива насоки на еден регионален универзитет, современ универзитет и на тој универзитет сега за сега не студираат само Албанци, туку струдираат и Македонци, и други и ценам дека навистина би било добро да се има предвид овие околности над се, сигурно можеби знаете, во овие две години на овој универзитет државите на Европската унија инвестираа, некаде околу 3 милиони евра, додека од јавните средства, речиси воопшто нема интерес за инвестиции.

Јас имам многу да кажам, во однос на ребалансот, но нормално, кога ќе дојде редот за нашите поднесени амандмани, ќе го кажам мојот став. Со цел да им оставам простор и на другите колеги, тука ќе го завршам моето излагање и ќе ви се заблагодарам за вниманието. Ви благодарам уште еднаш.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор господинот Јован Манасиевски, повелете.

**Јован Манасиевски:** Господине потпретседателе, почитувани колеги, почитуван министер,

Денес со разгледувањето на овој ребаланс на Буџетот, добиваме потврда на она што можеше да се насети уште со предлогот на Буџетот за 2007 година, кој што го дискутиравме во декември.

Имено, дека оваа Влада е определена што поголем дел од расположивите финансиски ресурси во државата ги сконцентрира во своите раце. И од таа позиција и од позиција на цврсто управување со овие ресурси да обезбеди, меѓудругото, преку овие елементи уште еден мандат.

Имено, поинаку не може да се толкува ваков Буџет, каде што имаме 90 милиони евра нови зафаќања од граѓаните и стопанството.

Впрочем, ако направиме една анализа наназад, ова личи на Буџет во предизборна година, што можеби говори за некои планови на Владата за иницијатива за предвремени парламентарни избор. Може и така да се толкува, што би било по бенингно решение, многу поопасно, а јас во тоа отворено се сомневам. Сега, ние само присуствуваме на почеток на еден тренд на рапидно зголемување на трошењето на Владата.

Имено, еден ваш колега министер, господине Славески, во неформален муабет, вели дека овие 90 милиони евра оваа година се само почеток. Дека наредната година очекувате да го зголемите Буџетот во однос на оваа 2007 година за цели нови 200 милиони евра.

Значи, тоа би било во споредба со последната година на претходната Влада, зафаќање поголемо за речиси 400 милиони евра од граѓаните и од стопанските субјекти, а на сметка на Владата. Ова се разбира, само по себе говори за една многу опасна тенденција. Значи, ние имаме еден етатистички Буџет, во права смисла на зборот, каде што, намерата на Владата е јасна преку овие средства дефакто, да се изврши колонизација на бизнис секторот, цивилниот сектор и на локалната власт. Операцијата е едноставна. Земате што повеќе пари од граѓаните и од фирмите, ги концентрирате во владините програми, ги спроведувате како Влада успешно, делумно успешно или неуспешно и врз основа на тоа, на тие параметри, всушност, ја наметнувате, ја предимензионирате улогата на Владата од она што треба да го има во едно либерално демократко општество, каде што мора да постои рамнотежа на моќта меѓу Владата, бизнис секторот, цивилниот сектор и локалната власт, а не доминација и супремација на Владата врз сите овие сегменти.

Овој Буџет, особено ребалансот е доволен индикатор дека тоа е основната политичка намера на Владата.

Истовремено, овие 90 милиони евра, што Владата повеќе ќе ги потроши, се доказ дека не се намалило даночното оптоварување. Дека напротив, се зголемило. И тоа е она за што за жал, се убедуваме веше неколку месеци со Владата. Владата упорно тврди дека ќе има намалување на даночното оптоварување, меѓутоа, самите овие бројки што ги нудите денес се немилосрдни. Зголемено е даночното оптоварување.

И покрај тоа што ги намаливте ставките, ја проширивте основата на оданочување и сега по многу повеќе основи се оданочува, а што за ефект има и кај стопанските субјекти и кај граѓаните. Поголем одлив на средства во државната каса.

Со тоа, како што посочив и претходно, директно се зголемува влијанието на државата во економијата и тоа не со претек да и се помогне, туку напротив, со претек да се контролира и од тоа да се извлече поголем ќар, во смисла на натамошно зголемување на рејтингот на Владата и на нејзиниот претседател.

Така дојдовме во ситуација сега да имаме влада што ќе троши убедливо најмногу средства до сега во историјата на независна Македонија. И според тврдењата на вашите колеги ова е само почеток. Значи, во наредните години на владеење на оваа Влада, ќе имаме едно исклучитено растење на расходите што ги прави оваа Влада.

Сумарно на едно начелно глобално ниво овој проект изгледа вака, посиромашни граѓани, посиромашно стопанство, побогата влада, поголеми алоцирања во владини програми каде што повеќе, или помалку арбитрарно се одлучува каде ќе се трошат тие средства, што и ќе се покаже со анализа на ребалансот.

Каде одат сега овие зголемени зафаќања, каде одат овие 90 милиони евра? Во договорни услуги одат 20 милиони евра, една комплетно нетранспарентна, нејасна ставка што може да подрзбира многу работи. И вие господине Славески во вашето образложение не посочивте, меѓутоа јас би ве замолил во завршното излагање во натамошниот тек на дискусијата да ни објасните каде одат овие 20 милиони евра од ставката договорни услуги.

Капиталните расходи се зголемуваат за 40 милиони евра. Тоа би била одлична вест што заслужува апсолутна поддршка. Меѓутоа, доколку не ја знаеме актуелната ситуација дека имаме многу ниско ниво на реализација на капиталните расходи. Јас прашувам, како оваа Влада што во шест месеци од постоечките средства не успеа ниту 30% да реализира од капитални расходи, како во наредните шест месеци сега ќе успее

плус 40 милиони евра да реализира. Внимавајте, за овие нови 40 милиони евра не е отпочната ниедна постапка, затоа што и не може да отпочне постапка, ако немате планирано средства во Буџетот. Значи, допрва откако пратениците ќе го усвојат овој Буџет оттогаш почнува зеленото светло за трошење на овие капитални расходи. Јас сум убеден господине Славески дека во нормална регуларна процедура врз основа на Законот за јавни набавки Владата апсолутно нема да биде во состојба да потроши ниту мал дел од овие капитални расходи, освен ако не се во план некакви непосредни спогодби какви што имавме прилика лани да видиме со ребалансот, со набавката на мазутот и останати слични спогодби каде што не е потребно да се почитува словото на законот за јавни набавки за редовни ситуации. Значи, досегашната работа на Владата во овие шест месеци воопшто не ви дава за право во делот на реализација на капитални расходи вие да одите со зголемување на капиталните расходи за цели 40 милиони евра. И тука уште едно прашање на кое што ни останавте должен господине министер. Имено, во вашето екстензивно излагање не образложивте, не кажавте какво е трошењето на капиталните расходи и дали согласно Законот за извршување на буџети, член 7 кој што вели дека, ако буџетските корисници не потрошат 30% од планираните средства за капитални расходи во првата половина на годината, тие средства автоматски се кратат. И ве молам господине Славески, да не информирате на кои буџетски корисници е применет членот 7?

Според моите сознанија на најголем дел, на мнозинството буџетски корисници би морало да биде применет членот 7, што значи да им се одземат капиталните расходи и да се пренасочат на ставка во Министерството за финансии. Вие сега наспроти таа неспособност на Владата да ги реализира капиталните расходи. Вие сега ни нудите плус 40 милиони евра. Реков и стојам на тоа дека во регуларна постапка според Законот за јавни набавки вие нема да бидете во состојба да ги реализирате овие дополнителни буџетски средства. Дај Боже да грешам, дај Боже овие сердства да бидат реализирани, тоа ќе биде за доброто на вкупната состојба во Република Македонија. Значи, 20 милиони евра ви одат на договорни услуги, 40 милиони евра на капитални расходи. Големо прашање е дали сте способни да ги реализирате и одат на економска промоција и категорија и врзани за економската промоција во тотал околу 770 милиони денари, или околу 13 милиони евра. Значи, во една исто така многу нејасна збирна стапка. Што точно таа подразбира, како ќе се реализира, кој ќе ја реализира, освен една ситна сума од 40 милиони денари алоцирана во Агенцијата за странски инвестиции. Другите не е јасно кој ќе ги спроведува и кој ќе ги реализира овие средства. И повторно, каква ќе биде таа економска промоција кога реално роковите не газат. Вие воопшто до сега не сте можеле да испланирате таква активност, затоа што сте немале пари во Буџетот. А за да направите солидна економска промоција, на неа претседателе треба да и претходат солидни истражувања, солидна постапка врз основа на кои што повеќе агенти ќе изложат понуди како тоа ќе го реализираат, или пак повторно намерата е овие огромни средства да се потрошат паушално и се разбира арбитрарно врз основа на одлуки на Владата кои што имавме прилика да видиме како се реализираат на еден волонтаристички начин во изминатиов период. Значи, тука одат овие 90 милиони евра. Според мене, за сите овие три големи групи на трошоци кои што всушност земаат најголем дел, речиси 90% од ова зголемување се под голем знак прашалник. Што од нивната оправданост начелна, а што од капацитетот на Владата да ги реализира.

Сега наспроти ова енормно зголемување на трошењата од преку 90 милиони евра, Владата во овој ребаланс ни нуди повеќе целосно неоправдани кратења на повеќе позиции. Ве молам господине министер да ми го објасните овој феномен. Главни услови за добивање покана за НАТО се реформа во правосудниот систем и докомплетирање на судската власт и реформа на обвинителството итн., владеење на право, една поширока категорија. И главните барања што и господинот Солана и Рен покрај барањата за стабилност на институциите и политичкиот дијалог што му ги соопштија на премиерот Груевски пред два дена, беше токму реформата на судската власт и довршување на реформите. Вие во владините програми предвидувате намалување за 25% во програмата реформа на судството. Ве молам, кое ви е образложението за овој потег? Значи, при зголемување на буџет за цели 90 милиони евра, вие кратите за 25% во буџетот во владината програма: реформа на судството. Во програмата Академија за обука на судии и обвинители, кратите 15% од средствата. Во програмата Борба против корупцијата, вашата омилена тема, кратите 6% од средствата. Објаснете ми го ве молам овој феномен. Како устата ви е полна со фрази за борба против корупцијата, а средствата наменети за борба против корупцијата во владината програма ги кратите за 6%. Што значи тоа? Значи, едно комплетно неоправдано кратење. Значи, ова кратење се разбира и кај Државната комисија за спречување на корупцијата. Зошто буџетот на оваа институција за која што и самата вели и други институции велат дека треба да се зголемува нејзиниот вкупен капацитет и човечки и технички, вие го кратите буџетот на оваа институција за 6%. Што е уште понејасно, буџетот на Државниот завод за ревизија го кратите за 5%. Зошто? Истовремено, најмувате приватни ревизорски куќи, Владата најмува приватни ревизорски куќи на скандалозно спроведени тендери, неколку пати повторувани и на крај испадна дека доби фирма што воопшто не помина, не ги помина квалификациите и ги праќате тие приватни ревизори, наместо да ги

користите услугите на државната ревизија. Државната ревизија ја кратите за 5%. Не ви се допаѓаат наодите на Државната ревизија? Ќе ги супституираме со наоди на приватни ревизии? Значи, неоправдано е кратењето на средствата на Државниот завод за ревизија. Овие неколку ставки говорат, за жал дека овие клучни политички критериуми на Владата што самата ги декларира не се почитуваат. А што да се каже за овој податок. Програмата реформа на државната администрација, господине министер, сте ја скратиле за 50%. Значи, она што во континуитет со години говориме дека е еден од поголемите проблеми и особено сега виза ви отпочнување на процесот за преговори со Европската унија каде што главно барање е капацитетот на државната администрација да се зголеми, вие програмата реформа на државната администрација ја кратите за 50%. Комплетно необјасниво. Ве молам, ако имате било какво објаснување да го споделите тука со пратениците.

Истовремено, покрај овие клучни политички параметри што ги истакнав каде што кратите, има кратења и во неколку области кои што се исто така необјасниви. На пример, во Министерството за труд и социјална политика програмата, мерки за намалување на сиромаштија, ја кратите за 18%. Имено, таа програма била проектирана 214 милиони денари. Сега ја кратите на 179 милиони денари. Значи, 35 милиони денари помалку во програмата мерки за намалување на сиромаштијата во Министерството за труд и социјална политика. Што значи ова господине министер, дека сиромаштијата се намалува, дека трендовите се добри, дека затоа ги кратиме овие програми. Напротив, реалноста е друга, груба, со години во континуитет сиромаштијата се зголемува. И не би требало, најмалку што треба да направиме е да ги намалиме средствата во програмата мерки за намалување на сиромаштијата. Може тука да постои друг проблем, зошто сте го намалиле ова? Затоа што веројатно во овие шест месеци покажавте дека немате капацитет да ги реализирате предвидените програми. Меѓутоа, постојат во светот, практиката е се поприсутна каде што многу способни било невладини организации, било други субјекти на пазарот можат да реализираат вакви програми на Владата ако се алоцираат средства се разбира во една транспарентна процедура. Не е решението да ги намалувате средствата за намалување на сиромаштијата за преку 18%. Тоа не е во ред господине министер.

И моја сугестија е да почнеме заеднички тука и во Собранието да размислуваме како овој Буџет за 2008 година да го зголемиме, меѓутоа, да не го троши цел Министерството или Владата, туку тој да биде алоциран, да биде даден на транспарентни јавни огласи да го реализираат други невладини субјекти кои што имаат капацитет кои што покажаа, затоа што во Македонија во изминативе 15 години се создадоа повеќе невладини организации кои што менаџираа големи странски донации на многу успешен начин. Значи, имаме готов капацитет надвор од институциите на минситерствата. Зошто да не го искористиме? Вие сега сте примениле едно најопортунистичко решение. Сте виделе дека нема капацитет за реализација на овие програми и сте ги скратиле средствата речиси за 20%. Меѓутоа, тоа не е решение, јас сум длабоко убеден во тоа и дека најмалку што треба оваа Влада да прави е да ги намалува средствата за намалување на сиромаштијата. Истовремено, исто така уште едно чудно кратење. Ставката реформа на системот на социјална заштита ја кратите за 32%. Што значи тоа истовремено кога и во договорите со Светската банка, во аранжманите што ги маме и во интернатите анализи што се правени и сега и порано, се покажува дека на тој систем му треба реформа. Некои реформи се направени, останува уште многу да се направи. Тој систем бара континуирани реформи, особено за транзициони држави. Зошто господине министер Владата се определува да крати цели 32%, од 145 милиони на 105 милиони, минус 40 милиони за реформа на овој систем. Во самите програми на социјалната заштита, на социјалните надоместоци имате кратење од преку 400 милиони, или преку 7 милиони евра и тоа може различно да се толкува. Јас би го прифатил и толкувањето на Владата кое што порозово гледа на ова намалување. Меѓутоа, господине минситер, повторно да ни објасните еден феномен. Низ оваа ставка поминуваат 10-тина различни програми, различни типови на социјални надоместоци. Сите се кратат, сите одат надолу освен еден, заштита на борци и воени инвалиди кој што оди нагоре за 300 илјади евра. Нелогично е господине министер, во една програма сите ставки да ви одат надолу, а само една оди рапидно нагоре. Тоа е разбира говори дека има нов прилив на корисници таму. И ништо друго. И затоа наместо да го сокривате тој факт и премиерот да го негира, треба тука во Парламентот да дискутираме впрочем за тоа склучија и договор ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ за решавање на статусот на поранешните припадници на ОНА и треба тоа јавно да го кажете од тука. Вие сега сте обезбедиле средства во Буџетот, значи плус 300 илјади евра за шест месеци, на годишно ниво 600 илјади евра, меѓутоа ви фали нормативно решение за реализација на тие средства. И тоа ќе треба тука во Парламентот да се донесе освен ако не мислите на некој начин вонинституционален тоа да го решите. Значи, јас не го спорам ова решение, меѓутоа треба тука во Парламентот да дојдете, да образложите зошто е тоа така, а не од Владата да му се заканувате на еден пратеник, затоа што во Собранието рекол дека оваа ставка е зголемена и прашува зошто е зголемена. Впрочем, тоа го потврди вчера и еден пратеник на владеачката коалиција. Така што ако веќе во целиот систем на социјална заштита, во сите 11 програми кратите, треба барем да

излезете со едно опстојно објаснување зошто само оваа програма ви оди нагоре.

Да завршам, да не одземам повеќе време и внимание затоа што мислам дека поставив повеќе конкретни прашања и очекувам господинот министер барем на дел од нив да се потруди да даде одговор. Да завршам со тоа што уште еднаш го искажувам нашето длабоко разочарување во Либерално демократската партија од овој буџет. Очекувавме од една десничарска влада да ги намалува трошоците, да ги намалува јавните расходи. За жал, се соочивме со влада која што ги зголемува континуирано јавните расходи, која што покажув амбиција и во иднина да ги зголемува енормно. Значи, ветувањата, додуша неформални што ни беа дадени, беа дека дури за 200 милиони евра ќе троши Владата повеќе наредната 2008 година. Тоа се господине министер многу лоќи трендови според нашето видување, според моето лично видување и тоа се трендови кои што не му даваат на македонското стопанство доволно свеж слободен воздух да влезе во инвестиционен циклус и да креира нови работни места. Во надеж дека ќе добијам појаснувања на дел од овие прашања. Ви благодарам на вниманието.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Манасијевски.

Има збор господинот Неждет Мустафа.

**Неждет Мустафа:** Почитуван господине потпретседателе, почитуван министер, колеги пратеници.

Гледам дека листата е сеуште голема и дека имате уште многу да слушате. Јас би сакал да кажам на почетокот дека ја имав шансата да слушам многу големи цифри, многу милиони. Ја користам можноста да се проверувам, односно ова е мое гласно размислување. И денес моето обраќање ќе го наречам како дијалог со министерот за финансии. Навистина од се срце сакам да ги поздравам вашите огромни амбиции. За мене не е така се црно во вашиот буџет, во вашиот ребаланс, по мене имате силни, крупни чекори за оваа држава и вашите ангажмани во подобрување на економската положба во Република Македонија било како сметам дека сепак придонесува да се здобива Република Македонија со одреден квалитет.

**Бесим Догани:** Ќе ве молам господине Мустафа, говорете директно во микрофонот. Ви благодарам.

**Неждет Мустафа:** Од друга страна, господине министер, сакам малку да одземам сериозно мислење и сериозна грижа: знаете ли дека во Република Македонија живеат Ромите, знаете ли дека вие како министер, ама да ви кажам искрено, она што го велеше и бившиот пратеник Фаик Абди "и нашите братучеди СДСМ", вашиот колега Никола Поповски не беше ништо подобар од вас во однос на грижата за Ромите во македонското општество. Мислам дека во еден момент верувам премногу се оптоварувате и се оптоварува вашата Влада, по ваше мислење, со многу почувствителни проблеми и попрогресивни обврски на Република Македонија, со тоа што гледам дека и во овој Буџет, значи и во овој мој втор мандат, петта година како пратеник во Собранието на Република Македонија, се повторува истата приказна: Ромите немаат никакво место во Буџетот на Република Македонија и тоа што го има почитуван министер, денес овој дијалог што ќе го направиме, мислам дека треба да остане после мој одговор, кога ќе се вратите во вашиот кабинет, навистина да ги проверите моите аргументи. Ве молам, во вашето срце и во вашиот ум нека зафаќа место и сериозна грижа и ромската заедница.

Веднаш сакам да ве потсетам министре дека ова што во континуитет го поставувам ромското прашање дека е загрозено, се вклопува и со препораките на Европската комсија против нетолеранција и расизам, во нивниот извештај од 2005 година. Ја користам можноста, во контекст на вашиот буџет, да ве потсетам на обврските спрема ромската заедница, кои несериозно ги преземате. Се наведува: "ситуацијата на Ромите во различни полиња на животот, ЕКРИ изразува длабока загриженост за неподносливите животни услови во кои се наоѓаат многу Роми. Тие продолжуваат да страдаат од кумулација на економски и социјални неповолности, влошени поради променливите економски услови, дискриминацијата и недоволното внимание на властите" а тоа е Владата почитуван премиере. "Постојат неколку забележителни подобрувања на ситуацијата на Ромите од вториот извештај на ЕКРИ. Сепак, се чини дека проблемите на Ромите се ставени на страна, во сенка на конфликтот и прашањето за меѓуетничките односи".

Следна точка што ја задолжува оваа и било која Влада на Република Македонија, во својот втор извештај во однос на ситуацијата на Ромите во различни полиња на животот, ЕКРИ ги поттикна властите да воспостават систем на набљудување, кој ќе овозможи расветлување на проблемите на дискриминацијата. Тоа е многу сериозен проблем во нашето македонско општество. Исто така, таа препорача да не се толерира дискриминацијата на локално ниво и да се усвои ефективно законодавство против дискриминацијата, со кое ќе бидат опфатени различни области на животот.

Господине министер, овие цитати ќе ги поврзам со вашите ставки во однос на ромската заедница.

И во третата точка се вели дека ЕКРИ не добила информации кои би укажале дека властите постапиле по овие препораки или дека презеле други мерки за решавање на загрижувачката ситуација на Ромите во поранешната Југословенска Република Македонија. Тие веќе имаат официјални информации во однос на ова што јас се обидувам во континуитет да го наметнам на македонската Влада и на македонскиот Парламент. Таа со задоволство забележува дека од неодамна е формирана работна група, составена од претставници на различни министерства и претставници на

Ромите, кои имаат за цел да изготват стратегија и подобрување на ситуацијата на Ромите. Исто така, ќе се изготват и акциони планови во четири области, кои се определени како приоритетни области, образованието, вработувањето, здравствената заштита и домувањето.

Ние господине министре тоа го правиме веќе две години. Таа координација, тоа национално тело што го направивме при Министерството за труд и социјална политика, за жал, во вашиот буџет за некоја минута сега кога ќе го отвораме Буџетот, ќе се сретнеме со една многу загрижувачка, да не го употребам терминот срамна позиција. Господине министер, покрај овие забелешки, ЕКРИ ви има дадено препораки, официјални препораки. ЕКРИ им препорачува на властите на поранешна Југословенска Република Македонија да спроведат детално истражување на ситуацијата на Ромите во различни полиња на животот, со цел да се идентификуваат проблемите, вклучитено и директната и индиректната дискриминација и неодложно да се изготват мерки за справување со овие проблеми. Ако вие не спремата, ако вие не овозможувате финансиски ставки во Буџетот со кои можеме да се бориме против овие чувствителни препораки, мислам дека оваа ситуација толку отворена рана ќе остави во македонското општество, што ќе се доведеме во ситуација повторно да се потсетуваме, што и се случи, па сега следува од пред 20-тина дена уште една препорака од Европска унија односно од Европскиот Парламент.

ЕКРИ ги охрабрува властите во нивните напори да изготват национална стратегија, она што веќе го направивме.

Господине министер, навистина сакам ова да го сполнам со аргументи пред да навлезам во Буџетот. Во извештајот од Европскиот Парламент од мај, од известителот Ерик Маер, во точката 10 повторно не потсетува меѓу чувствиелните точки, на кои има обврска македонската влада да ги имплементира, повторно со огромна грижа ни пренесува уште една препорака, па вели. Потсетува на фактот дека треба да се преземат конкретни и итни мерки за подобрување на состојбата на Ромите преку примена на национална стратегија, вклучувајќи го и добро развиеното граѓанско општество на Ромите. Смета дека адекватното финансирање на Владата, министре, заедно со фондовите на ИПА, треба да бидат начин за подобрување на состојбата со социјалната исклученост на Ромите во Македонија.

Во овој момент министре ќе го отвориме и Буџетот, па да видиме дали ние навистина адекватно се однесуваме спрема потребата и состојбата на Ромите. Во однос на Министерството за труд и социјална политика имате една позиција, каде покрај вашите огромни амбициозни чекори, кои лично сакам да ги поздравам, имате ставка во која стои “Мерка за намалување на сиромаштијата” - таму ли министре најдовме да ги намалуваме средствата? Тоа не се големи средства, тоа се 600 илјади денари.

Министре, вчера на А1 видовме дека во Битола отворивте социјална кујна. Таму имате 90% Роми во Битола што чекале на ред да земат храна. Ја поздравувам иницијативата и ве охрабрувам тоа да го направите и во Виница и во Штип и во Куманово и во Велес, на ромските места, каде што навистина тие луѓе чекаат како да ги нахранат своите деца. Ова што го направивте е за големо поздравување, но да најдете место да ја намалувате оваа ставка, социјална држава, каде што сте свесни дека имате ваша политика за борба против сиромаштијата во Република Македонија и да наоѓаме начини да навлеземе во ставката Мерки за намалување на сиромаштијата, да ја намалуваме ставката за 600 илјади денари. Министре, тоа треба да се појача. Ако не сте знаеле дека Ромите гладуваат во тие мизерни живеалишта, во тие субстандардни живеалишта во овие пеколни жештини, ве молам, вие имате огромна служба, одете, погледнете во каква состојба се наоѓаат и таа глетка која што вчера ја видовме на вестите е една отворена рана. Токму за тоа Европскиот парламент, токму за тоа ЕКРИ дава официјални сигнали, препораки дава за Република Македонија дека треба сериозно да се бори против сиромаштијата на Ромите. Значи дека оваа ставка кај мене останува отворена грижа и мислам дека тука направивте еден голем лапсус со тоа што сиземавте за храброст да ја намалувате наместо да ја зголемувате ставката за борба против сиромаштијата.

Понатаму, рековме дали адекватно се однесуваме спрема препораките на Европскиот парламент. За поддршка на развојот на Ромите, господине министер, во декември кога го донесовме овој буџет, се сеќавате дека говорев дека со четири милиони и 200 илјади денари нема а се задоволат потребите за поддршка за развој на Ромите, дека оваа симболична односно декалративна сума само ќе ви попречи во имеплементација на обврските на Националната стратегија на Ромите, во која имаме сериозна обврска за имплементација, но не така несериозно да се однесуваме.

Министре, го имате тој слух од мојата реакција при донесувањето на буџетот и сега е на 7.500.000 денари, со тоа што ја зголемивте за 3.200.000 денари. Да се потсетиме министре, вие имате тука донации од 5.226 денари. Тоа се минисре 84 илјади евра донации, што е вкупната сума од 125 илјади евра за поддршка на развојот на Ромите, од што Владата на Република Македонија, каде што вие сте министер, издвои за поддршка на развојот на Ромите само 37 илјади евра. Министре, ромските невладини организации имаат повеќе годишен буџет за помош на Ромите отколку што Владата на Република Македонија одлучи да им помогне на Ромите. Така ние ќе се однесуваме сериозно спрема европските препораки во однос на ромската ситуација?

Навистина сакам да ви укажам со една огромна сериозност дека несериозно се однесуваме спрема ромската ситуација и спрема препораките од Европскиот парламент. Ако јас ви спомнам само неколку невладини организации колку тие имаат годишен буџет од тоа што прават семинари, помагаат на Ромите итн., јас навистина не знам што мислите и како мислите со тие 37 илјади евра да помогнете за развојот на Ромите. Со 37 илјади евра мислите ли дека ќе успеете да им обезбедите на сите ромски деца од 1 до 8 одделение и средно образование, на интелектуалците, учебници? Сега скоро донесовме закон секој родител што нема да му дозволи на детето да учи, му следува казна од 1000 евра. Сметае ли дека има можности тие што гладуваат низ улиците, што секојдневно ги гледате, што ги бришат прозорците кога ќе поминете со кола на сообраќајните крстосници и што од сите нас бараат по некој денар? Или тоа не е некоја авантура или пак сега јас настапувам тука декларативно или за да ги придобијам симпатиите на Ромите. Помина тоа време, тоа веќе не пали кај никого. Јас само се обидувам навистина да ја објаснам ситуацијата на Ромите дека ова е страшно несериозно со 37 илјади евра, а 84 илјади евра имаме донации. И каде ќе одат овие средства? Јас навистина не знам каде ќе одат. Би сакал да се охрабрам и да ве охрабрам и навистина да ве замолам, ако веќе има толку средства околу 125 илјади евра о.г. за поддршка на развојот на Ромите, тогаш направете го тоа добро, обезбедете им на сите деца во септември бесплатни учебници и на тие што се во средно и на тие во основно и во високото образование. Не сакам да ве матирам во однос на примерите кои веќе ги кажаа колегите, бидејќи тоа веќе станува баналност. Многу е добро министре децата да имаат и компјутери, тоа е прекрасно, да имаат и спортски сали, да го развиваат својот спортски дух, ама добро е министре да имаат ромските деца и учебници, чанти, добро е и тие да имаат услови да одат во школо. Но, ние веќе можеме сериозно да се однсуваме да направиме развој на ромите, доколку Владата на Република Македонија издвојува само 37 илјади евра за развој на Ромите. Ова е нешто што ниту во една најмала невладина ромска организација го нема.

Да ве полтсетам на една работа дека само - министре, од 160 илјади евра Македонската Влада од минатата година добива од Ромскиот образовен фонд од Будимпешта, тоа ќе биде сукцесивно 160 илјади евра. Но прашање е и тоа што некои од многуте невладини организации интелектуалци се прашуваат што се случи со Националната стратегија на Ромите и со Декадата на Ромите, дали навистина ќе се однесуваме декларативно, декоративно или навистина ќе преземеме некои сериозни чекори да и помогнеме на ромската заедница. Преголема е таа среќа што секогаш велиме па добро, Ромите се мирни, тие можат уште 100 години да живеат во тие мизерни гета. На оваа температура од 46степени уште можеме да ги одржиме во тие куќи од картони итн. Дајте ве молам, преземете ја како минситер за финансии грижата на Ромската заедница многу сериозно не со 37 илјади евра. Моите ноти, јавно ви велам дека моите ноти до Европскиот парламен, до ЕКРИ ќе бидат многу сериозни дека Македонската Влада не ќе смее да се пофали дека со 37 илјади евра помага за развојот на Ромите. Јас навистина жалам што се наоѓате во таква ситуација, но јас сум тука, ние сме тука двајца пратеници, така што немаме толку многу голема моќ да направиме нешто, освен во вакви моменти да ја користиме моќта на јазикот, моќта на говорот, со што би можеле да придонесеме, да ве освестиме дека тука живеат Роми и дека тие Роми не можат да живеат од одредена донација од некоја невладина организација, ако сериозно не се погрижи Владата на Република Македонија да ги реши нивните проблеми.

Во однос на Министерството за образование, гледам тука многу интересни ставки и за поздравување се: реконструкција на основни училишта, доградба и реконструкција на ОУ “Георг Кастриот Скендербег”, финализирање на изградба на училиштето “Зеф Љуш Марку”. Премиерот на 8 април, министре, о.г. беше во Шуто Оризари и на моето пратеничко прашање минатиот месец одговори децидно дека средното училише во Шуто Оризари има да се изгради. Се прашувам, ако може другите училишта што решивте да ги изградите како средни училишта, зошто ја нема ставката тука и за средното училиште во Шуто Оризари кое што треба да се изгради. Дали е тоа блеф или имате некои други средства. Знам дека има и донација за изградба на тоа училиште но би било коректно и фер да стои во Буџетот дека ова година ќе почне изградбата на средното училиште во Шуто Оризари, иако, да ве потсетам, во тоа училиште “Браќа Рамиз Хамид”, каде што учат децата во четири смени се образуваат некаде околу 2000 деца, па навистина би било барем за мене огромна чест да го посетите тоа училиште, да видите дека таму нема ниту клупи, ниту столици, ниту под. Се прашувам, ако веќе решивте толку да ги образувате децата и да им ставите таму компјутери, што е апсолутно за поздравување и да го направите тоа, тоа мора да се направи, со огромна поддршка стојам зад таа иницијатива, ама ајде на сите деца каде што учат овозможете им услови, пред се основните услови овозможете им ги, а потоа да можат и тие да седнат на компјутери, иако најголем дел од ромите немаат каде да ги оставаат своите компјутери, ниту имаат шанса да седнат на компјутер и да работат на компјутер. Ама ќе ја надминеме и таа ситуација, бидејќи имаме многу сериозни проблеми, егсистенцијални проблеми.

Ние немаме услови ниту децата да ги однесме во градинка, а вие имате ставка, буџетска ставка имате, донација имате за претшколско образование, од тие 160 илјади евра од Будимпешта да инвестирате во градинки.

Направете градинки таму каде што можат ромските родители да ги однесат своите деца.

Оти, ние сме тие. Како што изгледаме. Не можеме да се решиме да ги однесеме децата во градинки каде што се децата убаво облечени, намирисани, во бањи, во купатила и т.н., сите тие работи. Ние ги немаме тие услови. Но, направте нешто како би можеле децата да се образуваат.

Многу ми е тешко што го правам овој дијалог со вас, но ве молам да ја сфатите и мојата позиција, дека ни е многу потешко што ова ви го велам. Ако јас тоа овде не го кажувам, не знам на кое друго место би можел да го презентирам. Затоа, ве молам, дозволете дури некогаш и да ја изразам мојата емоција.

Тука, во однос на Министерството за образование, министре, средното училиште гонемате. Дали ќе го изградите и како ќе го изградите, и дали ќе го исполни својот збор премиерот, ќе видиме. Тој вети дека од септември ќе почне изградбата на тоа училиште во Шуто Оризари, а јас пак, во септември ако не започне изградбата, последната недела од тој месец како пратеничко прашање ќе станам и ќе го потсетам дека помна дека од септември ќе почне изградба на тоа средно училиште.

Сега сме министре во однс на разделот на Министерството за култура. Дека се маргинализирани Ромите во однос на вашиот Буџет, еве го и тука е во однос на Министерството за култура.

Министре, изградба на библиотека во Тетово, изградба на театар во Тетово. Се прашувам, во вашиот Буџет само ли Албанците живеат во Република Македонија? Кога ќе го видите Буџетот како е поделен, министре, ќе видите дека целата сума, милиони и милиони се поделени за потребите и интересите на Македонците и за потребите и интересите на Албанците. Па добро, ако е така, тогаш дајте некој предлог што ние треба да направиме, другите заедници. Нема тука ниту една ставка по однос на развојот на културата, творештвото на заедниците во Република Македонија.

Мислам дека создавате една неприродна криза, каде што, ве потсетувам, дека тоа се еден голем процент на население во македонското општество. И дека, не е целта во однос на придобивките на правата и положбите и т.н. до колку сме десетина, петнаесетина пратеници. Да, тоа е општо правило во демократијата, ако имаш повеќе пратеници, ќе имаш и повеќе рпава. Колку пратеници имаш, толку права имаш.

Но, барем дајте она основното, што е загарантирано со Уставот на Република Македонија, преземете ја обврската со Буџет, не со зборови. Ако нема Буџет, ако нема пари ние не можеме да бидеме еднакви меѓу еднаквите, а тоа е мотото на Република Македонија.

Јас ве потсетив и на моето пратеничко прашање, реков дека театарот “Пралипе” поодамна постои. Дека е редно да се изгради еден Ромски театар, професионален во Република Македонија, каде што ќе може да се презентира ромската култура. Оваа година се обидувам да ви го форсирам тоа прашање иако го ценам како цел проект и тоа во текот на годината ќе го имате. Мислам дека селдната година ќе најдете огромни цели и можности да го направите она што Ромите навистина го сакаат. Својот театар. Таму е нивната древна култура. Таму е нивното срце.

Господине министре, гледам дека и времето за пауза се приближува, а секако и јас не би сакал да продолжам со отворените рани на Ромскиот народ во Република Македонија, сметам дека ова многу би било за да остане во една општа грижа на вас и дека Ромите се исти граѓани кои ги среќавате. Можеби имате и комшии, можеби се дружите со некои Роми, но не гледајте ги само оние Роми што кружат околу вас. Гледајте ги оние роми кои умираат од глад, кои немаат работа и кои, ако вие не создавате финансиски услови за радикална промена на Ромската заедница во макеоднското општество и понатаму ќе останат вака дискриминирани и понатаму така ќе останат изолирани и понатаму така ќе им се нагрдиме и ќе им се смееме на нивната незавидна положба.

Јас ви благодарам на вашето огромно трпение. Се надевам дека ви оставив впечаток и во вашиот кабинет по некогаш ќе размислувате за овие отворени мои акценти.

Вам, почитувани колеги ви благодарам на трпението. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Мустафа.

Бидејки имаме само неколку минути до паузата, не е фер на другиот говорник да му дадеме збор, а да го прекинеме за неколку минути затоа ќе објавам пауза до 15,00 часот. Ви благодарам.

(Пратениците отидоа на пауза во 13,58 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,08 часот).

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

На почетокот, иако тоа не е точката на дневен ред сакам да изразам процедурална забелешка за почитување на одлуката на Владата, а што се однесува во делот на функционирањето на припадниците на државната и јавната администрација. По истиот тој третман и согласно таа одлука, тоа се однесува и на сите вработени во администрацијата на Собранието на Република Македонија, но за жал таа одлука не се почитува и ќе барам вие како потпретседател, претпоставувам во координација со претседателот на Собранието да донесете една одлука со која ќе може ефективно, врз база на минимум човечки ресурси да функционира и да продолжи седницата на Собранието, но од друга страна да се почитува одлуката на Владата што ја донела заради елементарната непогода и високите температури.

Јас навистина не можам да ја сфатам егзотираноста на премиерот на Република Македонија кој многу возбудено и радосно кажа дека Република Македонија за прв пат, или Владата за прв пат во овие 15 години прогласила криза, како да се радува што надвор има повеќе од 40 степени, па не барем најголем успех на оваа Влада бил што прогласила криза, голема работа. Но, ова сакам да го доведам во една друга конотација дека дефинитивно, за жал, во оваа измината една година Република Македонија се наоѓа во континуирана парламентарна криза која е само дел од континуираната политичка криза во која ја донесе премиерот Груевски и Владата на Република Македонија, а за жал една од најголемите кризи и стагнации Република Македонија во овој момент ја доживува на полето и на планот на економијата. Ребалансот на Буџетот е голема шанса да се продискутира генерално и глобално за економската политика на оваа Влада, а дефинитивно да се разговара за самиот документ, за самиот предлог на ребалансот на Буџетот.

И кога го носевме новиот Буџет на оваа Влада и претходно кога разговаравме за ребалансот, првиот ребаланс на Буџетот од 2006 година, констатиравме дека политиката на Владата на Груевски и на ВМРО-ДПМНЕ во делот на економијата се сведува на голи претпоставки, на нереални очекувања, на отсуство на сериозна анализа и егзактни податоци за тоа како и на кој начин ќе се спроведуваат економските политики, за денес истото тоа, за жал, во многу полоша варијанта го гледаме и со овој предложен ребаланс на Буџетот.

Прво сакам да кажам дека овој ребаланс на Буџетот кој според мене има една, требаше барем да има една главна компонента, а тоа е усогласување со втората фаза на децентрализацијата во Република Македонија, дефинитивно доцни. Причината за таквото нешто, со оглед на тоа што од 1 јули започна процесот на фискалната децентрализација односно втората фаза, ја гледам пред се во неисполнување на својата законска обврска од страна на министерот за финансии и Министерството за финансии што еве денес на 20 јули сеуште е во фаза на расправа ребалансот на Буџетот, можеме врз база на тоа да претпоставиме, бидејќи оваа расправа ќе продолжи во подолг временски период заради многу лошиот предожен ребаланс на Буџетот и огромниот број на амандмани за негово подобрување. Со тоа ребалансите на буџетите на локалните самоуправи, на општините кои понатаму треба да следат, ќе се случат можеби во месец септември. Со еден збор, благодарение на неажурноста, неподготвеноста, лошата проценка на Министерството за финансии, Република Македонија два месеци во една исклучително чувствителна фаза на децентрализацијата, ќе се доведе во многу негативна и сложена ситуација. Но, Владата искористи во овој ребаланс на Буџетот кој примарно требаше да има, како што претходно реков, усогласување со втората фаза на децентрализацијата, се обидува да протурка на мала или на голема врата, како сакате, свои политики кои дефинитивно не се во позитивна насока и тенденција.

Во изминатата година дена можеме да констатираме дека добар дел од ветувањата во фамозната портокалова програма од 100 чекори, не се реализирани. Владата во оваа измината една година, во оној дел за кој ја доби најголемата доверба, а тоа е економијата, вработувањето, инвестициите, не ги реализира ветувањата и очекувањата на граѓаните. Владата, а во тој сегмент и Министерството за финансии одлучи да го спроведува методот на лажен привид за некакви случувања, одбра да го употребува методот за манипулирање со економските податоци, наместо нешто реално да сработува.

Јас навистина не можам да ја сфатам политиката на Груевски, Славески, Ставрески кои што во еден холивудско фалбаџиски стил, во една од редот прес конференции ќе изјават дека Македонија во првиот квартал имала пораст од 7%, не баре во Македонија на планот на економијата се случиле којзнае какви работи. Но вистината е сосема поинаква. Министерот за финансии кој упорно одбива да ги коментира прашањата, дилемите и аргументите на опозицијата, претпоставувам по наредба на Груевски за да не западне во некоја слична ситуација од онаа која ја направи минатата недела со навреди и омаловажувања на пратениците, одбива да каже на што се должи овој лажен пораст од 7% на БДП. Јас знам една работа дека тој пораст од 7% се должи во глобала на две работи. Првата, затоа што се манипулираше и со принципот на весела математика, се спушти основата од 2006 година за да се прикаже нереален пораст во следната и втората со директен интервенционизам на Владата во Заводот за статистика, во континуитет се манипулира со основните макроекономски показатели.

Јас знам дека на граѓаните апсолутно, податокод од 7% не им значи ништо, бидејќи тие на крајот на краиштата во своето практично функционирање тоа и не го чувствуваат.

Не можам да се соглсам, кога го читам експозето на министерот за финансии кој вели дека има континуиран раст на индустриското производство. Со вашиот, под водство на Благица Новковска која секој втор ден не е присутна во Република Македонија, Заводот за статистика веќе, покрај оној лажен и манипулативен податок за пораст на индустриското производство од 10%, покажувате пад прво од 3 а после и од 4% во следните април и мај месеци. На што се должи тој податок, нема ниту еден одговор.

И самите во вашето експозе покажувате дека платите пораснале, дури и во тоа не верувам, 4%. Кога тоа ќе го пресметате во денари тоа од прилика изнесува 500 денари за овој временски период.

Заборавате или премолчувате да кажете дека вредноста на извозот е пораснат единствено како резултат на зголемените берзански цени на производите кои Република Македонија во овој момент доминантно ги извезува, а тоа се претрежно обоената индустрија, металургијата, челикот, лимовите и ништо повеќе. Заборавате или премолчувате да кажете дека екстремно се зголемува увозот благодарение на лошите позиции на Република Македонија со потпишувањето, заради сопствената економија и влегувањето во ЦЕФТА, но тоа не се показатели за вас, вие само велите имаме пораст од 7%, не баре сме се качиле на месечин. Тоа не е водење на сериозна и здрава економија.

Пропуштате да кажете што значи тоа, господине Славески, силна инвестициска активност. Дали силна нивестициска активност се 20-те милиони долари странски инвестици за прввиот квартал каде вие покажувате, наводно 7% раст, според изворот на Народна банка не на некој друг и зошто се причините за такво нешто.

Пропуштате господине Славески, во вашето експозе и во овој буџет да кажете дека апсолутно не го третират домашниот сектор, дека ако ви е полна устата дека малите и средните претпријатија се основата, моторот или двигателот на развојот на оваа економија дека во Програмата са поддршка на малите и средни претпријатија средствата ги намалувате и тоа е пораката  која вие ја праќате со овој Буџет. Заборавате да кажете од кога тоа најтранспарентн Владата ги троши средствата на граѓаните, тоа се ваши зборови. Дали знаете дека на досега сите оставени прашање за трошењето на Владата и Министерството во делот на пропагандата и маркетингот, не е даден ниту еден одговор. Ја заборавивте фамозната кампања со фризурата, или заврши, се исплатија некои долгови на ВМРО-ДПМНЕ од предизборната кампања и толку е употребната вредност на таа кампања.

Оваа политика  која ја спроведува Владата во делот на економијата, според мене во овој момент може да се најде слична аналогија во Белорусија и водењето на државата од типот на Лукашенко. Дајте му на народот, замислете ни повеќе ни помалку туку народни кујни во 21 век. Владата покажува дека еден од главните аргументи и биле отварањето на народни кујни, замислете, а во исто време ги зголемува трошоците за договорни услуги, за плати, за наемнини на сопствените, најчесто врз база на непотизам, вработени кадри во министерствата и во другите институции.

Како ќе им објасните на граѓаните дека социјалната или политика која се грижи за нивните интереси значи давање на средства за изградба на музеј на ВМРО, да не кажам ДПМНЕ, тоа ќе биде на крајот.

Како ќе објасните дека во клучниот период за Република Македонија во континуитет се намалуваат програмите за поддршка на владеење на правото, се намалјваат програмите за развој на јавната администрација, се намалуваат средствата за програмите, за реформите во судството. За исто толку средства за колку што е намалена, да речеме програмата за владеење на правото, Владата на Груевски ќе прави музеј на ВМРО во Република Македонија. Тоа ви е економскиот показател или критериум, музејот со восочните фигури. Јас не верував дека кога ви доаѓаат дури и членовите на ВМРО-ДПМНЕ во вашата партија или на колегите пратеници во вашите градви ви велат браво за оваа економска одлука. Ќе даваме 10,5 милиони денари за изградба на музеј на ВМРО и ќе ги наполниме стомаците или ќе ги вработиме вашите членови на партијата.

Од кога претставува економски бум давање на 150 милиони денари за изградба на северна трибина на Градскиот стадион во Скопје.

Од кога претставува  инвстициска или економска активност 240 милиони денари за изградба на спортски сали. Тоа ли е економијата на ВМРО-ДПМНЕ со која ќе ја зголемува вработеноста. Спортските сали ќе бидат начинот на вработување и зголемување на животниот стандард?

Владата која на почетокот се обврза дека нема да ги зголемува, дури ќе ги намалува средствата за набавка на мебел, опрема, истите со овој ребаланс на Буџет ги зголемува.

Владата која, замислете, била многу заинтересирана за развој на туризмот во Република Македонија ги намалува средствата во Министерството за економија предвидени за развој на туристичката понуда, ама затоа има за музеј на ВМРО-ДПМНЕ. За туризмот ќе се намалат средствата. За оние луѓе кои седат надвор четврти месец и за кои не важи кризната состојба, а се во паркот, а се резултат на владеењето на Никола Груевски, Смиленски, Даравелски и останатата компанија, за нив средства нема.

(Реакција на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ).

Вистината боли и ќе треба да се соочите со фактот дека вие почитувани колеги пратеници дадовте поддршка  на една од најлошите и најнеспособни влади што наместо економски резултати испорачуваат економски неуспеси.

Никој на оваа Влада, ниту на овој министер, ниту на останатите на Илинденска, не им го дал правото, без отчет, безмилосно и без концепт да ги трошат парите на граѓаните.

На моето пратеничко на неколку поставено прашање, како господине Славески ќе се одрази економската одлука на оваа Влада за рамен данок, вие рековте немам анализа. Еве ги резултатите господине Славески. Апсолутно ја

применувате политиката на исцрпување на и онака кревките средства за лична, пред се потрошувачка на граѓаните и за инвестициска потрошувачка на фирмите, за да го полните овој Буџет. Не само што ги земате и од така скудните средства, вие не знаете ни да ги трошите. Ви во изминатите шест месеци покажавте дека и онака скромните средства за капитални инвестиции не знаете да ги реализирате, по 3 до 4% во сите министерства ви се движеше реализацијата. Дали Трајко Славески и Никола Груевски се истите тие кои пред неколку години критикуваа една друга Влада дека наводно има суфицит во Буџетот во Република Македонија. Дали тоа е истата оваа Влада која и таа направи суфицит затоа што безмилосно прибира, не знае да троши, а и тоа што го наменува да го троши го прави лошо, бидејќи дава за сали, бидејќи дава за мусеи на ВМРО, бидејќи дава за вработување без притоа да даде отчет на кој начин тоа ќе го прави, а замислете во сите програми за намалување на сиромаштијата средствата се намалени. Во програмите и трансферите до Агенцијата за вработување каде ставивте непрофесионален и кадар кој по прв пат раководи со таква институција и во процедура за која што тоа ќе треба на крајот да ја сносите и вие , меѓу останатото, одговорноста, ги намалувте средствата. Што тоа значи дека, како велите вие се намалила невработеноста за 0,4% за една година до сега. Со овој тренд додека изгубите на следните избори ќе ја намалите за цели 2%. Тоа ќе биде во ред за политичките партии, ама тоа ќе биде многу лошо за граѓаните. За тоа не ја добивте довербата.

Како ќе објасните дека за цели 551 милион денари ги намалувате социјалните трансфери и зошто тоа го правите.

Како ќе објасните, господине Славески дека кога ќе ги погледнете владините програми кои во тотал изнесуваат не повеќе од 150 милиони евра, најмалку давате во делот на реформата во земјоделството. Пред неколку дена бев во Босилово и во останатите струмички општини, таму меѓу останатите Сојузот на пензионерите што има огромен број, ме замолија да побарам од министерот Славески да симне малку на терен, а тоа да му го пренесам и на премиерот Груевски кој за жал на оваа дебата не е присутен, да се симне доле во Босилово и останатите општини и да види дали има еден производ, еден репроматеријал или една суровина која вредност е намалена како резултат на намалувањето на ДДВ од 18 на 5%. Нема.

Дали е оваа Влада која во делот на субвенциите и трансферите одлучи, око да не и трепне, кога бостанот го достигна најниското ниво за откуп, од еден денар, знаете колку изнесуваше лани, 4 најниската цена.

(Реакции од пратениците на позицијата).

Јас апсолутно не можам да ја разберам нервозата, но се надевам дека тоа ќе биде корегирано во следниот период.

Дали ова е таа влада која, почнувајќи од премиерот Груевски, некаде јануари-февруари им порача на земјоделците, садете слободно, ние ќе бидеме тие кои врз база на склучените договори со странските компании и странските држави ќе ги откупи сите производи, или тоа е некоја друга влада.

Или тоа е во серијата на лажни ветувања кои што имаат употребна дневна вредност од еден, не повеќе од два дена. Дали вие сте влегле на тие откупни пунктови да видите каде или што се случува со вишокот на производи и по која цена тие се прават. После да не се чудиме зошто е тоа резултат кога за реформа на земјоделството давате малку повеќе, отколку што давате за музејот на ВМРО. Е, пак, апсолутно не одговорна и неспособна Влада. Дали во време кога клучните политички критериуми за Македонија во април да ја добие позитивната покана за членство во НАТО, како што и вие признавате во експозето се реформите во судството, владеење на правото и сето она кое што подразбира политичка стабилност и ефикасност и во јавната администрација и во судскиот систем. Па, како тогаш давате за реформа на јавната администрација само 610 милиони, притоа ги намалувате средствата и во делот на реформите во судството. Сите програми од овој тип во Министерството за правда од ваша страна се намалени. Дали господине Славески мислите да дадете одговор дали во овој Буџет скриено, полускриено или јавно се ставени 300 илјади евра за социјални надоместоци во ставката за заштита на борци и инвалиди. Или тој одговор ќе треба да го дочекаме во понеделник од страна на Груевски, кој што конечно се согласи да расправа за оној фамозен, таен, конспиративен и лош договор што го потпиша со ДУИ. Дали ќе дадете одговор дали оваа Влада кога ги кажува работите и говори искрено или не ја говори вистината. Јас денес сакам да знам кога расправаме за овој Буџет дали за 300 илјади евра е во право Ружди Матоши или Никола Груевски. Тој договор го должите на сите вие, бидејќи овде има ставки кои што се драстично зголемени. Од 385 милиони на 403,800 милиони денари. Дали овие средства ќе бидат резултат на договорот кој што го направи Груевски и Ахмети. Ако е тоа така денес од оваа говорница можеме да констатираме дека некој, а вие треба да ни го одговорите тоа, во изминативе два месеци не ја говори вистината. Значи, има договор, договор од 5 точки и вие влегувате во реализација со финансиски средства.

**Бесим Догани:** Господине Ивановски, оставете го договорот за понеделник.

**Игор Ивановски:** Господине Догани, јас читам социјални надоместоци дека се зголемени за драстични 120 милиони денари. Сакам да знам за што се овие пари. Како што се зголемени за парите и договорните услуги, кои што не транспарентно се случуваат, сакам да знам каде идат овие 120 милиони денари од Министерството за труд и социјална политика. Бидејќи, апсолутно постои сериозно разногласие

помеѓу пратениците и Владата и апсолутно не ми е сеедно дали мојот премиер или премиерот на оваа Влада ја говори вистината или не. И, конечно треба да се даде одговор на тоа прашање. Бидејќи, Буџетот е главниот инструмент на оваа Влада, за жал, за ваква држава Буџетот е најсилниот или државата е најголемиот инвеститор сеуште. Можеби во некои други времиња тоа нема да биде така, здравје Боже, со ваква политика, за жал, вие ја правите апсолутно клучна улога на државата иако тоа е така, не можам да разберам како воопшто не ви е сеедно што и онака скромните средства за капитални инвестиции, кои што се само 16% од овој Буџет не ги реализирате. Не ги реализирате или пак наговестувате дека една од клучните капитални инвестиции на новата Влада ќе биде, веројано ова по приоритет е кажано од ваша страна, изградба на патот кон ски центарот Кожув. Откога приоритет број еден на оваа Влада изградба на пат до комерцијален бизнис приватен објект. Затоа, немојте да се чудите кога на овој вака лош Буџет има повеќе од 300 амандмани. Бидејќи, граѓаните на оваа држава имаат сериозни барања и проблеми, не е патот до ски центарот Кожув главниот проблем во оваа држава. Не е музејот на ВМРО главниот проблем во оваа држава. Не е северната трибина најголем проблем во оваа држава. Не се на вашите колеги во некои други институции платите најголемиот проблем. И, не можам да ја разберам вашата лагодност кога држава која што има скромни финансиски средства ги земате од граѓаните и од фирмите, ги собирате на едно место и притоа не знаете да ги потрошите. Целиот Буџет ви се состои од претпоставка дека овој тренд на собирање на средствата од разните даноци ќе продолжи до крајот на годината. Што ако тоа не се случи? Пак ќе правиме ребаланс во меѓувреме? Ќе ги ревидираме стапките надолу? Сите институции кои што сега добиваат зголемен Буџет, а се за плати и надоместоци број 1, следниот пат господине министер за финансии, ќе ви ги испоставаат истите барања, на истото ниво, а вие како министер за финансии ако до тогаш сеуште сте или оваа Влада, ќе не можете да им ги дадете. Или ќе треба да ја однесете државата во уште поголем дефицит од овој кој што сега го зголемувате, за да можете да одговорите на барањата на сите институции. Пак, ќе речам, во 80% за плати и надоместоци и за разни договорни услуги од типот на 27 милиони евра за набавка на мазут за ТЕЦ Неготино без тендер, за што јас можам со сигурност да ви тврдам дека ќе биде првиот предмет за истрага кога СДСМ ќе биде на власт или да продолжите да склучувате врз база на вакви општи ставки, а со огромни финансиски средства договори во четири очи и непосредни спогодби, како што тоа го правевте со голем број на кампањи на разните министерства и агенции во оваа држава. Точно е дека е многу сериозна работа, но наоѓаме на несериозен пристап од страна на владеачкото мнозинснтво. Навистина, не можам да го разберам тоа. Со еден збор, почитувани колеги, овој Буџет апсолутно неместо да стави точка на лошата политика економска на оваа Влада, дополнително ја стимулира и за жал ја легитимира. Со овој Буџет дополнително ќе се легитимираат обидите на Владата за безмилосно трошење на парите за реклами и маркетинг, безмилосно ќе продолжи политиката на зголемени даночни зафаќања и ставање на раката на државата во џебот на граѓаните и касите на фирмите, во еден стил на анти Робин Худ политика, каде што министерот за финансии зема повеќе од сиромашните, за да им даде на богатите, но тоа е веројатно идеологијата и на ВМРО-ДПМНЕ, тука не можам да спорам. Ќе продолжи апсолутното безмилосно трошење на државни огромни пари за т.н. промоција на државата во странство, а во исто време уништување на политичката и безбедносна ситуација внатре дома и правење на пристапот како градење на кула од песок на брег. Ќе ја изградите за еден ден, утредента ќе ја срушите, а парите ќе отидат, притоа за нив упорно одбивате да давате одговор и да давате отчет.

Со овој Буџет дефинитивно ќе продолжат парите да се трошат на идеолошки мотивирани и лесно коруптивни зделки врз база на минатото искуство на ВМРО-ДПМНЕ од типот инвестирање на 240 милиони денари за спортски сали. Веројатно, искуствата се сеуште свежи кај добар дел на ваши членови како се потрошија парите во 2002 година за 35 спортски сали и како тие завршија во добар дел на бугарско-македонски за еден ден формирани компании. Ќе продолжи политиката каде што на земјоделците ќе им дадете најмалку, а ќе им земете многу. Ќе продолжи политиката каде што полна ќе биде устата за владеење на правото и борбата против криминалот и корупцијата со спектакуларните апсења на членови или на чиновници за 5 евра, а во исто време ќе ги намалувате програмите за јакнење на владеење на правото и реформата во судството. Веројатно, реформата на јавната администрација нема да ви биде потребна, бидејќи до крајот на годината ќе ги вработите сите ваши на списокот блиски во рамките на институциите и дефинитивно ќе ги употребите на најлош можен начин парите на граѓаните кои што досега ги собравте. Врз база на тие очекувања, според мене нереални, многу тешко ќе ги потрошите парите и за вака лошо предвидените средства. Претпоставувам дека ниту еден амандман кој што нема партиска, туку има пред се граѓанска насока за решавање на проблемите, нема да прифатите, се со единствена причина вашиот ребаланс на Буџетот кој што е апсолутно лош, како што беше лош и првиот Буџет и сега тоа се потврдува, го донесете и веројатно главна цел ќе ви биде овие скриени пари, кои што по разни ставки од типот на она во Министерството за труд и социјална политика ги ставате и да ги потрошите. Како и да е со овој ребаланст на Буџетот не очекувам Република Македонија да има одржлива и висока стапка на економски раст, секако, ако не ја измислите заедно со Државниот

завод за статистика на еден или на друг начин. Не очекувам Република Македонија да има зголемувањ на вработеноста, вашето прво ветување од изборната кампања и тоа негативно ќе се одрази на животниот стандард и понатамошно опаѓање на истиот на граѓаните на Република Македонија. Но, едно знам дека добар дел на средствата ќе бидат употребени на нетранспарентен, употребени на многу сомнителен начин за реализирање на голем број на зделки, за рекламирање на Владата, на институциите на министерствата, за нешто кои што не постои, за нешто кои што нема да се случи и повторно ќе продолжите во втората година од вашиот мандат да зборувате пак во идно време и само врз база на претпоставки и очекувања, како што гледам и од овој ребаланс на Буџет нереални и неточни. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ивановски.

За реплика се јави господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Јас искрено очекував суштинска дискусија од страна на потпреседателот на СДСМ задолжен за економскиот ресор и ќе беше добро да ги видиме кои се видувањата на СДСМ, меѓутоа ова беше политички памфлетизам, кој што многу лесно ќе биде воочлив за граѓаните на Република Македонија, од аспект на член на политичка партија, противник на СДСМ, среќен сум што така се перцепираат економските проблематики во Македонија. Сигурен сум дека граѓаните на Република Македонија ќе знаат да направат разлика помеѓу она што го нуди ВМРО-ДПМНЕ како економска логика и работа во економскиот сектор и она што го нуди СДСМ. Ќе почнам од делот каде што најмногу бев погоден со невистинитите податоци изнесени пред македонската јавност, а тоа е во делот на земјоделието. Да го потсетам колегата и граѓаните на Република Македонија во Буџетот за 2006 година беа предвидени околу 6 милиони евра за субвенции за земјоделието, во овој Буџет имате предвидени некаде околу 22 милиони евра, средства за субвенции во земјоделието. Пченицата минатата година достигна цена од 6 денари, рекордно ниска, со еден денар субвенции, оваа година пченицата достигна цена од 10 денари, со субвенции од два денари по килограм произведена пченица. Доматите минатата година во ова време беа 5 денари, годинава се 30 денари. Државата минатата година даваше субвенции по 400 денари за глава крупен добиток за крави за млеко производство за 400 денари, оваа година даваат 4000 илјади денари. За овци даваше 300 денари, оваа година дава 1000 денари итн. Значи, во делот на земјоделството треба да ги имате овие податоци предвид, пред да си дозволите да дискутирате во однос на состојбата која што е настаната. Цената на бостанот, ако ви треба информација, денес има достигнато цена од 4 денари и тоа е објавено во Утрински весник, ако не се лажам. Меѓу другото, оваа Влада на Република Македонија успеа да склучи договор со Израелската мултинационална компанија Солигруп, исто така Агрокор влезе во Република Македонија во последните неколку месеци и драстично се осети тоа на пазарот во Република Македонија. Во делот на тоа како се збираат даноците и како се трошат, јас ќе ја поддржувам Владата токму во она што претставува собирање на данокот и намалување на даночната инвазија. На граѓаните на Република Македонија им е преку глава да гледаат луѓе кои што 15 години не грбот на сите други се збогатија прекуноќ. Ќе си ја платат разликата сите што не плаќале, се што треба да си платат, а парите ќе се трошат за образование, за сали, ќе се трошат за компјутери, ќе се трошат за субвенции во земјоделието итн.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Една минута за господинот Игор Ивановски, повоелете.

**Игор Ивановски:** Господине Димовски, јас за разлика од вас можам да влезам во секое село, можам во Велес да прошетам по сите улици и сокаци и јас немам проблем како вас да се кријат од граѓаните во Велес, бидејќи не знаете да им ја кажете вистината односно истата не сакате да ја прифатите. Немојте да читате напишани текстови и говори, влезете во секое село и ќе видите дека за да добиете субвенција ако сте млекопроизводител, тоа ќе го добиете само ако имате повеќе од 5 крави. Знаете дека 80% во оваа држава има помалку од 5 крави. Каде идат, господине Димовски, вашите субвенции, освен на вашите хартии, кои што веќе ги штампате. За кои цени на земјоделски производи вие зборувате од Утрински весник? Идете во Колешино и во сите останати откупни пунктови и ќе видите. Агрокор сеуште не е официјално влезен во Република Македонија. Прочитајте ги убаво фактите и немојте упорно да зборувате во некое идно време. Станува збор за многу практични проблеми. Спортските сали не се мачкаат на леб и не се јадат, спортските сали не купуваат патики, учебници за децата.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ивановски.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, колешки и колеги пратеници.

Бидејќи, пред некој ден чувме дека претседателот на Законодавно-правната комисија не искара зошто една наша колешка се обраќа директно до министерот, бидејќи Владата била предлагач, јас денес исто така ќе ја послушам со цел ризик политички и ќе се обраќам до претседателот на Владата како потписник на Буџетот што ни е пратен и како најодговорен за политиката што се води во оваа држава, најдобро одразена преку Буџетот на Република Македонија. За жал и денес сме сведоци дека, освен што сме сведоци дека Собранието како највисок законодавен дом ја

крши уредбата денес да се работи надвор од, зборувам за администрацијата во Собранието, да работи надвор од Уредбата на Владата, се надевам дека нема превисока казна да добие претседателот на Собранието како најодговорен овде во водењето на Собранието или пак генералниот секретар, но и тоа е веројатно дел од тактиката во Република Македонија навистина да се покаже дека живееме во една благосостојба во темкини во куќи, во едно потемкино село, изградени од премиерот Груевски.

Куќи на надеж, куќи на надеж со розово офарбани ѕидови, куќи на надеж во кои секојдневно се слеваат од славините мед и млеко и илјадници евра.

Буџетот ја дефинира политиката на Владата и нема подобар доказ за тоа што Владата има намера реално да направи, а не она што сака во рекламите и спотовите да го прикаже дека го направила или да го употреби најчестиот збор во реториката на Владата или на претседателот Груевски, а тоа е зборот "ќе".

Буџетот јасно покажува од сите параметри што се дадени, дека ЕУ агендата не е владината агенда на приоритети, се води лоша или поточно кажано никаква енергетска политика, има отворен отпор кон процесот на децентрализација, се бега од вистинските реформи и за тоа се обидува да се најде друг збор. Се води една аматерска квази информатичка политика во Република Македонија и се покажува од Буџетот дека Владата има намера да потроши уште повеќе средства за сопствена промоција, кампањи и саморекламирање.

Само денеска мудро распоредени во различни дневни часописи имаме нови кампањи кои со отворени повици кои по стандардната процедура отворен повик, поништен тендер, забрзана постапка, поништен, ќе го избереме најповолниот понудувач во четири очи и тоа повик за кампања, за промоција на значењето и ефектите од образованието насочена кон родителите, наставниот кадар, учениците и јавноста и кампања за подигнување на јавната свест и едукација за штедење на електрична енергија. Ова се кампањи кои денеска се започнати. Нормално е да прашаме колку кошта ова, нема да добиеме одговор. Само денеска со овие кампањи, тоа е потврда за Буџетот и сите во рамки на Буџетот или овие аргументи што ги кажав ќе ги елаборирам со параметри од Буџетот, без разлика кој како тоа ќе го оцени. Денешниот Буџет ги потврди сите оние заложби и укажувања што во 2006 година во декември ги зборуваше пратеничката група на СДСМ. И овој и претходниот Буџет има едноставна карактеристика, а тоа е дека, без разлика што Буџетот е зголемен за икс проценти ниту денар не се дава повеќе во стратешки или во развојни цели. Дека финансирањето или дел од Буџетот што треба да го покрива единствениот приоритет највисок во Република Македонија, а тоа е ЕУ и НАТО аспирациите, нема своја практична финансиска подршка во Буџетот на Република Македонија и затоа предлагачот на Буџетот господинот Груевски веројатно е добро запозаен и за тоа реферирал каде што треба.

Сепак, на почетокот, дозволетеми да се осврнам на воведниот дел што претставникот на Владата го даде на почетокот на собраниската седница.

Имено, во стенограмот од претставникот на предлагачот се вели дека Владата ги поздравува пратениците и цени што во овие летни жешки денови се тука, што значи, го повикувам претставникот на предлагачот да го возврати поздравот до Владата особено до оние министри кои со незаконска одлука плаќаме пари многу повеќе, ако успееме да ги најдеме каде се на земјината планета, тогаш да го возвратиме поздравот од Собранието.

Второ, претставникот на предлагачот во своето воведно излагање истакна дека во овие жешки денови во Парламентот дисциплинирано разговараат пратениците, што мене ми дава за право да очекувам дека Гордана Јанкуловска ќе се појави овде и на секој пратеник од опозицијата ќе му даде едно човече во сина униформа што ќе седи до него за да дисциплинирано работи во Парламентот и случајно ако го искритикува предлагачот на Буџетот господинот Груевски да се преземат итни мерки, бидејќи камерите се веќе подготвени и не мора да ги подготвува камерите како за спектакуларните апсења надвор од Уставот на Република Македонија, што се прават континуирано десет месеци. Потоа продолжува претставникот на предлагачот дека измените и дополнувањата на Буџетот предизвикува значителен интерес во пошироката јавност. Не сум убеден во тоа, за жал, манипулацијата околу договорот на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ и реториката топло-ладно или лево-десно позната на премиерот Груевски го фрли во сенка што овој ребаланс на Буџетот за да не можат или што помалку граѓани дознаат дека оваа Влада планира да потроши огромни средства на сопствена самопромоција, саморекламирање, да даде помалку пари во земјоделието, да даде помалку пари за развојни цели, да даде помалку пари во инфраструктурни проекти, а да надополни други ставки односно единствената ставка повисокиот рејтинг или како да се биде Белорусија.

За жал, претставникот на предлагачот завршува со повикување на конструктивна дискусија и заедничко разгледување на предлозите и сугестиите од пратениците. Овде, освен искажаната храброст на колегата Димовски имаме молк на претставникот на предлагачот или молк на парламентарното мнозинство можеби затоа што немаат аргументи или не сакаат јавно да кажат дека не се согласуваат со ваквиот расипнички и екстремно неразвоен контра економијата Буџет во Република Македонија.

Ќе се обидам сето она што го зборував до сега темелите на критиката што ја даваме како пратеничка група да ги елаборирам подетално.

Прво, ако тргнеме од воведот ќе видиме дека воведот се базира на три параметри, на раст од 10% на индустриското производство, на зголемени даночни приходи за 10% од планираните и импресивни бројки во надворешно трговската размена. Останува проблем дали проекцијата се базира на почетни параметри кои се точни или не. Во инженерството ако ги погрешите почетните параметри, а тоа се однесува и за финансиската проекција, тогаш системот ќе ви излезе од стабилност, од рамнотежа, ќе отиде по една крива на која крајот не ќе можете да го најдете, ама за жал, крајот ќе го бараме сите граѓани на Република Македонија.

На приходната страна, ја отворам дилемата, за телекомуникацискиот сектор и тоа од три аспекти. Зошто на приходната страна само 20 милиони од дивидендата се ставени во претприемачки приходи и приходи од имот односно дивидендата од телеком е само половина во приходната страна на Буџетот. Дали експресното усогласување на концесискиот договор помеѓу Македонски телекомуникации и потписникот на давањето огромни или потписникот на монополот, давање на услуги на Македонскиот телеком господинот Груевски денешен предлагач на Буџетот стои во позадина на овие недоплатени средства, ќе покаже времето дали усогласениот концесиски договор и експресната одлука за давање на дивидендата критикувана и од денешниот претставник на предлагачот на времето и господинот Ѓорчев не го гледам тука и лично предлагачот е дел од Буџетот или тие 27 милиони евра ќе ги бараме со некој нов ребаланс во Буџетот.

Останува дилемата што ја отворивме во ребалансот во ноември 2006 година со тогашната дивиденда која беше планирана во Буџетот, па потоа во јавноста се шпекулираше со позајмица од 40 милиони од Македонски телекомуникации, па потоа да се вратат со дивидендата што се случи.

Покрај овие 27 милиони евра што фалат на приходната страна на Буџетот на Република Македонија уплатени се уште 11.600.000 евра кои ги нема и тоа 10 милиони евра од компанијата Нов оператор односно третиот мобилен оператор и 1.600.000 евра веќе уплатени од Некс ком и Космо телко компании кои ја добија лиценцата за Вајмакс оператори на национално ниво. Тие 11.600.000 кои се веќе уплатени во Буџетот на Република Македонија не би можел да ги најдам на приходната страна и мислам дека јавноста има право да знае плус овие 27 милиони евра од дивидендата кога ќе бидат дел од приходната страна на Буџетот.

Од друга страна на расходната страна можеме да лоцираме повеќе точки, но би издвоил две односно три.

Прво, има енормно зголемени договорни услуги, ако го погледнеме Буџетот, буџетската ставка што била планирана и ребалансот од другата страна од 2,5 милијарди пораснала на 4,9 милијарди денари или 2,5 милијарди денари повеќе ќе се одвојат за договорни услуги со овој ребаланс на Буџетот. Договорни услуги за кого, кои се тие луѓе, дали се консултанти, рекламни кампањи, враќање на долгови за прескапата кампања во јуни, јули 2006 година. Такви непознати или прикриени ставки има многу. Најнелогична, мислам дека неколку пратеници ја спомenaa, најнелогична е ставката 485 во Царинската управа за други нефинансиски средства чиј износ од нула е зголемен на 75 милиони денари, без некоја транспарентна експликација зошто е ова направено.

Втората голема дилема, што мислам дека е противзаконска, тоа се намалените трансфери за единиците на локалната самоуправа. Без разлика што има поголемо собирање или плаќање на ДДВ, на персоналниот данок, а 3% кои треба законски да се одвојуваат кон општините, за жал, законот што го предложи СДСМ за 4,5%, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа за 4,5% трансфери кон нив, не помина, но и овие 3%, што се законска обврска, за жал, не се реализираат, бидејќи тековните трансфери до единиците на локалната самоуправа каде има додатции од ДДВ се намалени, напротив, ако се покачил приходот од ДДВ и персоналниот данок, тогаш 3% мора да бидат поголеми отколку она што има планирано во Буџетот.

Овие две крупни дилеми им се додаваат дилемите што ги отвори господинот Манасијевски, не би сакал да зборувам за тоа да не одземам многу од времето, 41 миилион повеќе за капиталните расходи, а знаеме дека 4 министерства имаат реализација на капитални расходи 0% и 5 милиони евра повеќе за стоки и услуги.

Да ги елаборирам по ред. Зошто велиме дека европската агенда како приоритет не е дел од оваа буџетска имплементација што ни ја предлага господинот Груевски.

Прво, можеме генерално да го гледаме, освен ставката за договорни услуги која е енормно зголемена, значи, од 25 милиони денари има повеќе за договорни услуги во Секретаријатот за европски прашања недостасуваат работи, како на пример Програмата за ново соседство каде Македонија учествува во кофинансирање на европски проекти. Инаку, за појаснување, Програмата за ново соседство значи дека Европската унија помага одредени општини со свои проекти каде дел од парите ги дава Европската унија, а дел од парите ги даваат владите на некои земји. Владата одлучи тие пари да не ги дава Владата, туку тоа да го направат општините во кои ќе вложи пари Европската унија. На тој начин дополнително, каде им го кратиме приливот и трансферот на средства од централно ниво, туку уште дополнително ги дозаглавуваме некои општини да се снаоѓаат во целиот овој процес на децентрализација кој е еден од клучните политички приоритети на Република Македонија.

На тој начин ниту ќе го поддржиме процесот на децентрализација, ниту ќе исполниме еден од битните критериуми за зачленување во НАТО и почеток на преговори со Европската унија, посебно во делот на зачленувањето во НАТО.

Зачудува фактот што имаме цели кампањи што ги подготвуваме да ги едуцираме децата во јасли зошто е добро да одат во градинка. За тоа ќе потрошиме 2 милиони евра, или ќе ги подучиме родителите дека е добро детето да го пратат во школо. Сите знаат дека е добро тоа да го направат. Нема позначајна димензија од образованието. Или да кажеме дека ќе потрошиме, што сигурно не е за фрлање, милиони евра за промоција на нашата мисија во САД. Но, од друга страна, ако го правиме тоа, што велам дека не е лошо, немаме концепт, немаме кампања за добивање на датум за преговори. Зошто да не направиме една кампања која ќе ја финансира Владата, како што знае, со позната агенција, во странските часописи која ќе се вика дајте датум за преговори, туку напротив, во треторазредни весници во најдалечните земји ние се убедуваме да ја промовираме Инвест-Македонија, капмања која до сега не даде такви ефекти за кои Владата потроши огромни средства. Резултатот за првите три месеци на 4,5 милиони кампања за 4 милиони инвестиции беше минус. Сега ќе се израдуваме во април затоа што стигнале парите од Сосиете женерал, приватна иницијатива што ја започнале некои луѓе.

Во една таква кампања и премиерот ќе си се саморекламира, нека биде тој на постерот во сите европски земји каде кампањата ќе се вика дајте преговори.

Дали Агенцијата ќе оцени дека после последната посета на Брисел е добро премиерот да биде на тие спотови, тоа ќе оцени Агенцијата, за тоа си добива огромни пари разлеани во разни ставки како договорни услуги во рамките на секое министерство.

Дека политиката што се води не наидува на поддршка од некои европарламентарци, во последниот извештај господинот Ерик Маер го споменува дека политиката на намалување на даноци која ја води Владата може да се покаже како штетна за државната каса.

Тоа е дел од Извештајот, но за жал, бидејќи целата таа политика или целата оваа претстава што ја направи Владата со договорот, што ВМРО ДПМНЕ ги фрли во сенка основните потреби на граѓаните, а тоа се потребите за подобра економија. Немајќи резултати се направи фама околу тој договор, го има, го нема записник договор, записник договор и а ни фали некоја политичка тема, веднаш сите камери во Автокоманда и се носи некој за жал, надвор од Уставот, без да се почитува правото на презункција, се носи во лисици, затоа што тоа Владата мисли дека и носи поени. Можеби краткорочно. Долгорочно не сум убеден.

Или, останува најбитната дилема, оваа седница нели требаше да почне во среда, за жал почна во четвrток, бидејќи претставникот напредлгачот беше отсутен во Брисел, да видиме, дали навистина 210 милиони евра од предпристапните фондови се одложуваат за 9 месеци, согласно акциониот план, кој што самата Влада на Груевски го донесе во декември 2006 година. И за ова, веројатно повторно ќе бидат виновни сите, освен оние што се најповикани и најодговорни за ова. Затоа претставникот на предлагачот треба да каже како помина во Брисел, но да каже онака како што поминал, а не како што по примерот на господинот Груевски мислел дека помина.

На тој пат кон Европска унија, како приоритет загрижува и фактот што трите крупни теми, борбата против корупцијата, реформите во јавната адмнинистрација, јакнење на владеење на правото имаат намалени износи во Буџетот на Република Македонија. Државната комисија за спречување на корупцијата освен што не ги решава случаите за тековните функционери избрани и именувани, единствено што точно кажува во јавноста е дека и треба појак институционален развој. Тоа го кратиме. Јакнењето на судскиот систем, тоа го кратиме. Јакнењето на владеењето на правото и борбата против корупцијата имаат намалени износи на средства во Буџетот на Република Македонија и затоа велиме ние сме загрижени дека Европска унија агендата, не е владинат агенда. Или реформата во јавната администрација. Има систематизација во кабинетот на предлагачот на Буџетот од 114 луѓе што треба да се пополни. Почна со првиот чекор од дечкото на министерката за внатрешни работи. И сега ме чуди зошто беа намалени средствата во реформата на јавната администрација. Се плашам да не се одрази на домашниот буџет на министерката и нејзиниот во овој момент избраник. Или политиката што оваа Влада ја води во однос на промоција на проекти кои што во 2006 ни ги претставуваше како чудо кое што ќе се случи во Република Македонија. Ние велевме дека е невозможно тоа да се направи. Претставникот на предлагачот, иако беше доцна не убедуваше и за стариот театар и за градската куќа и за концертната сала. Тогаш СДСМ имаше амандмани за средствата кои се недоволни прво да се направат и дека се само маркетиншки трик. Треба да се тргнат во некои поразвојни цели, во инфраструктурни објекти, во патишта, во поправање на некои работи кои што им се час поскоро потребни на граѓаните на Република Македонија. За жал, ако го погледнете Буџетот на Министерството за култура, ќе ве фати страв. Да беше некој друг коалиционен партнер од политичкиот блок на албанските политички партии, каде што Буџетот се намалува скоро 200 милиони денари, ќе беа и погласни и повеќе прашања ќе имаа. Но тоа е политичкиот момент на ДУИ, иако се во опозиција, некој друг е фактор на друго место и како минстер за култура од редовите на ДПА, не слушнав, барем еден од пратениците од ДПА да излезеше и да каже

зошто ресорот што го води еден маш политички претставник, кој што треба да покаже резултати, за да може да добиеме ние кај својот електорат е намален за 200 милиони денари. Тогаш ќе погледнеме дека и стариот театар бил фарса и градската куќа била фарса и дека концертната сала била фарса, бидејќи сите тие средства се драстично намалени скоро и да ги нема. Се разбира, освен договорните услуги кои се за едно десетина милиона, за 9 милиона појачани. Тогаш ни се претставуваа како реформски, но се покажа дека зборот реформа за оваа Влада значи тоа го зборуваше и мојот колега Ивановски, северната трибина, значат салите спортски, значат кампањите, остваруваме итн.

Може Министерство за внатрешни работи да потроши 200 милиони денари плус, за мебел и возила, ама не можат да се најдат пари за да се доврши некоја патна делница во било кој дел од Република Македонија. Една од точките кои што реков и прави проблем на оваа Влада, а за тоа се расправавме и за ребалансот, за тоа се расправавме и за Буџетот, за тоа се расправавме на три седници, за тоа Владата синоќа се расправаше а тоа е немањето енергетска, не водењето лошо, туку немањето енергетска политика. За жал, синоќа победи струјата што потроши 500 илјади евра во кампања. Бидејќи изгледа така било влогот за да се остане на својата позиција. Мислам дека синоќешната седница е потврда дека Владата води лоша енергетска политика на кое што укажувавме сите овие година дена. Премногу импровизирање, премногу барање бизниси, наместо да се води реална енергетска политика во Република Македонија. Наместо да се брка работата на домашен терен, со одржување, со ремонти, со навремени тендери, да не се укине првата работа што ја направи Владата тендерот, бидејќи беше распишан за увоз на електрична енергија пред 5 јули, туку таа почна да се занимава со фикс идеи како што впрочем повеќето тоа го прават. Јас не знам дали тоа им ги зарази министерот Ташковиќ, да сите влегоа во еден сон на наоѓање пари или на бизниси. Не зборам за себе, туку зборувам за наоѓање на бизниси. Владата 4 месеци, 5 месеци, се обидува да стартува еден проект за берза на електрична енергија која пропадна проект за Словенија, кога ќе дојде тој закон ќе го образложуваме, не сакам многу време да губам со тоа. Значи, 5 месеци не убедуваше со тоа, го затвори Сумак на пола капацитет да работи, 500 вработени да бидат отпуштени, да се ротираат за жал. Наместо да си го гледа домашниот терен, и сега сфаќа дека ситуацијата била лоша, и ајде ќе го смениме некој, е кој, е тој што не даде 500 илјади евра за кампања и за реклеми, туку ќе го смениме тој што си работел онака колку што знаел. Министерството за економија кое што привидно е во под раководство на Новите социјал демократи, кои што од ДПА не ни очекував да зборуваат, али бар од нив очекував дека некој стане да каже нешто за за Буџетот. Бидејќи со многу одлуки на Владата ова е пребацено и нагомилани се обврските на вицепремиерот Ставрески, кој што без разлика на капацитетот плуќата ви е толку, не може да дишете екстремно многу, толку, колку што ви е плуќата толку колку што ви е плуќата толку ќе дишете и капацитетот е тој. Превземени се обврските и од енергетиката, затоа не знам дали министерката да ја споменувам, мислам дека тоа не е нејзин, не ни знае што се случува во овој дел во енергетиката. Освен што се тепаат ВМРО ДПМНЕ и НСДП се тепаат политички, кој ќе биде директор на Агенцијата за енергетика и тоа го чекаме да се случи три месеци. Значи цела Република чека а се случи кој ќе биде директор на Агенција за енергетика, а немаме струја, криза е во регионот, доцнат ремонтите, немаат одржување, нас ни е битно која политичка фигура ќе дојде на таа позиција. И без разлика што таа Агенција сеуште нема директор, се одвојуваат за развој на енергетиката 15 милиони денари, плус за плати наемнини и надоместоци, и во тоа распределенени се извинувам се издвоени во развојот на енергетиката плус 15 милиони денари, и тоа се направени како купување на мебел, опрема, возила и машини и други градежни објекти. За жал Агенцијата за енергетика, тука блиску е во нормални простории ништо не им фали, ниту мебел, ниту возила. За жал, овие пари заради нестручното и несовесо работење, ќе бидат преточени во МЕПСО и во ЕЛЕМ и тоа ќе се случи. Лошата енергетска политика доведе до ова да мораме да наоѓаме сега пари од граѓаните некако, за да ги покриеме лошите меѓучовечки односи прво што настанаа меѓу директорите на МЕПСО и ЕЛЕМ и заложничката политика што ја води оваа Влада на еден екстремно јак финансиер на кампањата на ВМРО ДПМНЕ. И после ќе зборуваме за развој на енергетиката, а со вчерашната одлука, само тоа го потврдивме. И нормално, договорните услуги во Министерството за економија се едни од најголемите. Плус два милиона денари имаме тука повеќе за договорни услуги, иако и Министерството за животна средина и просторно планирање не е за жалење, бидејќи таму имаме плус три милиони денари за договорни услуги.

Понатаму, загрижени за тоа каде ќе завршат парите на граѓаните, со оваа распределба на Буџетот, ќе дојдеме до најголемата перална на пари, а тоа е Агенцијата за млади и спорт. Од почетокот, значи од формирањето на Владата нема ден, а да Агенцијата за спорт и млади не работи на изнаоѓање начини како скапите кампањи што се прават за Владата да ги прикрие со свои кампањи. Па правевме национален дрес, а сега има кампања за национална спортска химна. Па за спортските сали. Сите пратеници знаеме кога ќе дојде поканата до претседателот на Собранието како изгледа таа покана, кога не кани на некој коктел и како изгледа поканата кога ќе дојде од Агенцијата за млади и спорт. Како поканата да е од некој ројал фемили измислена, или направена со евра вредност. Што, ние наивни сме, не знаеме што се случува? И во

такви едни услови наместо да ги даваме парите во патишта, во здравствени установи, да не правиме кампањи непотребни, ние 200 милиона денари плус ќе префрлиме на Агенцијата за млади и спорт, за да може да ги изгради салите, ама во тој расходен дел, каде што се зголемени 200 милиона денари парите за Агенцијата за млади и спорт, ќе ги намалиме трансферите до невладините организации. Не ми требаат повеќе навладини организации. Си ги зедовме сите во Владата. Сите нешто што значеа си ги зедовме во Владата. Останаа за среќа, 10-тина што ме радува што издржаа на притисокот од Владата па се побуниа за еден закон и конечно во Република Македонија претстојат подобри денови за демократијата. Ќе се придружат и други луѓе на СДСМ, кои што ќе зборуваат за начинот како се води оваа Влада. Ќе ги намалиме трансферите до невладини организации, а ќе имаме полна уста дека се грижиме за многу мали спортски клубови, кои што се формирани на овој начин како невладини здруженија или организации. Ама ќе правиме спортски објекти, а во постоечките што постојат не ќе можеме паркетот да го смениме и нема да играме јадранска лига, за тоа што Агенцијата за млади и спорт не сакаше да го промени паркетот во салата Кале. Ама може да ветува, ќе прави национална химна, спортска, па потоа кога ќе ја тргне картата, една ќе биде за фудбал, една за ракомет, една за одбојка. Па една за мажи, па друга за жени. И нормално, вклучија машината и пери колу што сакаш. И доаѓаме до еден дел кој што најчесто Владата сака да го користи или да го кажува како светско чудо што го прави, а тоа е делот за компјутерите, но бидејќи решив дека ќе го оставам тоа на крај, пропуштив две други работи, па извинете ќе се вратам на компјутерите на крај.

Имено, Владата освен што незаконски или надвор од законот укажувањата или она што можеме да го прочитаме во Буџетот, не префрлува 3%, согласно законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, не префрлува средства кон општините. Има уште една законска обврска што и во овој Буџет ја нема, а тоа е радиодифузната дејност. Согласно законот за радиодифузна дејност, радиодифузијата, општо генерално во Република Македонија, но пред се јавниот сервис МРТВ се финансира со Законот за радиодифузија, при што дел од средствата се покриваат со радиодифузната такса, а дел се покриваат од Буџетот на Република Македонија.

Затоа, во последниот буџет за 2006 година со ребалансот, после носењето на законот, Владата во која што СДСМ беше носител, одвои 240 милиони денари со ребалансот за МРТВ. Но, немањето на концепт за радиодифузијата, мешањето во Советот за радиодифузијата и партизирањето на МРТВ е доказ дека Владата прво не го почитува законот, а второ, се отвора дилемата од каде сите тие силни средства, кои што ги гледаме на МРТВ, дека одеднаш се појавија, доаѓаат и влегуваат во финансискиот буџет на МРТВ.

ВМРО ДПМНЕ како програма, или нејзиниот експерт не убедуваше дека ќе ја намали радиодифузната такса. Граѓаните што гласаа за нив очекуваат тоа да се случи. Бидејќи тоа не се случи, сами си одлучија да не ја плаќаат радиодифузната такса. Ама не што сами одлучија, туку никој во државата, сеуште не донел одлука, оние што се најодговорни во МРТВ да ја одреди радиодифузната такса и како што лани имавме добиено фактури, т.е. вирмани што требаше да ги платиме, да ги дистрибуира до граѓаните на Република Македонија. Нема концепт во овој момент за собирање на радиодифузната такса. А имаме законска обврска дел од обврските да ги покриеме преку Буџетот. Ама сега нема ни ставка во Буџетот, а гледаме дека само вчера МРТВ, одеднаш нашла 120 илјади евра да ја купи лиценцата за Пирамида. Не можат плата да поделат, 500 вработени ќе фрлат на улица, ама 120 илјади евра има за да се купи лиценцата на Пирамида, да може покрај К-15, да се зголеми некако гледаноста, за да може она што го прави премиерот Груевски да биде достапно до сите. Да не мора да се расправаат, да не се прават притисоци по приватните телевизии, како што вчера со обидоа Владата, изјавата на Матоши некако да се изгуби, па да не се појави. Од каде на МРТВ сега 120 илјади евра да ја купи лиценцата за Пирамида, нема ставка во Буџетот, вработени 500 на улица, за радиодифузна такса нема решение за собирање.

Наплатата е сведена на 7%. Четири месеци вработените во МРТВ немаат добиено плата. Ама имаат 120 илјади евра за менаџментот на МРТВ има 120 илјади евра, за да купи лиценца на Пирамида, а јавниот сервис ниту законски ниту по ЕУ регулативите треба да влезе во еден таков комерцијален бизнис. Се знае и минутите на рекламирање колку се ограничени и колку се оние сервисни програми и услуги што треба да ги дадат. За жал, немањето на концептот со радиодифузија се гледа и во Буџетот, бидејки ставката радиодифузија ја нема.

Неколку пати беШе трансферот во Министерството за труд и социјална политика елабориран. Јас очекувам портпаролот на владата во свој познат хистеричен настап да го тужи, како што се обиде тоа да го направи со господинот Најдовски, да го тужи пратеникот Ружди Матоши, бидејки тој го кажа надвор од собраниска говорница дека 300 илјади евра има за борците на ОНА. Или само се користи политичкиот притисок врз пратениците од опозицијата кога ќе кажат нешто, се што не му одговара на предлагачот на Буџетот господинот Груевски да се тужат, да се повикуваат дека ќе бидат гонети и т.н. Портпаролот на Владата ако можете да го стишите телевизорот дома, или пак да го стишите сосема, пак ќе го чуете што ќе каже. Самиот кажа дека ќе го тужи пратеникот Најдовски ако се слободен изјавата да ја каже

надвор од говорница. Господинот Матоши ја кажа вчера надвор од говорница кај сината табла. И тој кажа дека 300 илјади евра како договор меѓу Тачи и Груевски има за борците на ОНА. Очекувам со камери, со лисици, се како што правите тоа да се организира и да има нова забава, иако надвор е 42 степени, не знам кој ќе не гледа и можеби во понеделник премиерот Груевски ќе прати инспекција, ќе не затвори бидејќи по закон можеби треба да работиме од 7,00 до 13,00 часот. На крајот доаѓаме до квази политиката што оваа Влада мисли дека ја води со компјутерите. Како се докажува, или покажува дека Владата води, или води политика за информатичка подршка. Претходната Влада со огромни напори на многу луѓе од различни политички партии изработувајки ја стратегијата за развој на информатичкото општество во кое што учествуваа и претставници од ВМРО-ДПМНЕ што денес не можете да сретнете еден таков заеднички тим што би работел, направи стратегија кој што одреди посебни средства во Буџетот, но донесе Програма на Владата, е Влада како дел од Буџетот. Таа програма сега во владината програма ја нема. Тоа е разликата помеѓу декларативно и ќе правиме нешто и она што нависитна се прави. Македонија во изминатиов период во времето на СДСМ влезе на светската информатичка мапа, пред се заради нашите компании кои што се многу кадарни, добри, одлични, но со подршка од Владата. Самата Влада прв пат во историјата на буџетите донесе Програма, е Влада која што беше дел од Буџетот. Ако го погледнете сега Буџетот е пак на 21 милијон, ист е, нема ребаланс, нема ништо е помалку од последниот ребаланс на Владата на СДСМ кој што мислам дека беше 24, или 26 милијони денари. Но, повторно има повеќе купување во рамки на Владата повторно купување на мебел, опрема и машини и за жал има огромни средства повеќе на привлекување на странски дирекни инвестиции и развој на слободната економска зона. Значи, наместо 9 милиони евра да вложи во информатичкиот бизнис да направиме една информатичка долина, ние тие 9 милиони евра ќе му ги дадеме на Џонсон Контрол за да случајно не се разубеди и не дојде како најголема фалба на оваа Влада, договор потпишан од минатото. Наместо тие пари да ги дадеме навистина од кое што ќе видиме ќар сите, ние ги даваме на странска компанија. Освен што не даваме пари како Влада, како програма што е укината, освен што не ги развиваме програмите како што Владата на Република Македонија, значи не СДСМ, Владата на Република Македонија ја доби највисоката награда на светското Здружение на компјутерски компании за апликација во Владата се откажуваме од такви проекти, не даваме пари повеќе, ама викаме, ние сме за информатика топ. Ние секој ден само тоа зборуваме па мораше да донесеме и човек од надвор кој што почесто го гледам кога се отвораат народни кујни, отколку што зборува и прави нешто за информатиката во Република Македонија, или го гледаме на пиво Фест во релаксирана атосфера, нормално. И сега Владата не убедува и претставникот на предлагачот тоа го кажа во своето излагање дека ребалансот е потребен заради проектот: компјутер за секое дете.

Прво, тој тендер си има своја рашомонијада, тоа го знаат сите во Република Македонија, посебно оние што се од таа бизнис сфера, поништуван, одлаган, допреговаран, лево, десно, шилото ќе си дојде, вистината сите ја знаеме. Дојдовме во ситуација тој тендер да не биде баш по Законот за јавни набавки, затоа што по зборовите на министерот, потпретседателот на Владата господинот Зоран Ставрески самиот во своја изјава за А-1 телевизија од 6.06.2007 година вели, сите потребни средства онолку колку што треба за да се набави потребниот број на компјутери ќе бидат со ребалансот на Буџетот во 2007 година,а ако бидат потребни ќе земаме и од 2008 година. Па по кој закон за јавни набавки некој распишал тендер, а да нема обезбедено средства? По кој член е тоа? И после ќе се чудиме, камери. Како некој, о кој закон за јавни набавки распишал тендер, а нема обезбедено средства во тековната година? Има таков некој член? Ниту во двата закони, измени и дополнувања што ги добиваме од претставникот на Владата нема таква опција. Ајде, ќе распишам тендер, бидејки многу техно, многу трендовски звучи, јас сум го зборувал ова, компјутер. Тоа е така. И Владата се пали на тоа. Прво, веројатно кога почнува Владата секој раскажува што направил на компјутер и после почнува седницата на Влада. И само си распишала Владата тендер согласно закон и вели: мене ќе ме чини 6 милиони евра. Цела стручна јавност, не само опозициска, стручна, единствената забелешка што ја дал претседателот на Сојузот на стопански комоци досега е за тој тендер. Инаку, ја фали Владата екстремно добро. Вели, дека тоа не може да се направи за толку пари и дека за три месеци не може да го инсталирате тоа па чудо да се случи. Само три месеци ви треба во Кина да нарачате, да фатите место во огромниот број фабрики што го произведуваат тоа за да дојдете до тендер од 100 илјади евра, тендер што не е распишан до сега во Европа. Немало 6 милиони. Ајде, ќе ја зголемиме малку сумата, па ајде ќе преговараме, па ајде ќе го одложиме. Ако го фалиме домашниот бизнис сектор дека е одличен што е економија со најголем развој. И уште еден пример ќе ви кажам што е разликата, како се негува некоја гранка во Република Македонија. Значи, ние делот од програмата за Е. Влада го ставивме во Буџетот, Владата на своја седница ја постави за прв пат информатичката технологија како стратешка гранка во Република Македонија. И за тоа имаше посебна седница и посебен семинар кој што под покровителство на тогашниот вице премиер Минчо Јорданов, таму се моташе и тогашниот шеф на кабинет, сегашниот ваш портапрол воодушевен од идеата дека информатичката технологија ќе стане стратешка гранка, ја

фалеше СДСМ како модерна и прогресивна партија. Така се брани некоја гранка, а не се брани со скапи кампањи од кои што ќар ќе имаат тројца, четворица од рекламните агенции, а нема да има ќар ниедна компанија во Република Македонија. И ајде тој буџет малку се зголеми за да стигнеме до сегашниот ребаланс, а тоа е да биде зголемен за 4 милиони евра и да стигнеме до 12 милиони евра. Сега што правиме со тие 12 милиони евра кога најниската понуда, или таа што го добила тендерот, компанијата деветта, да не ја именувам, е со 24 милиони евра. Следната компанија по ранг беше 40 и највисоката 50 милиони евра. Ем видовме дека со 8 милиони евра тоа не можеме да го реализираме. Вице премиерот Ставрески вети дека тоа ќе се направи со ребалансот, ама само ребалансот се зголемува за 4 милиони евра, доаѓаме до 12 милиони евра. Пак не можеме да ги купиме компјутерите. Ќе треба да тераме од 2008 година. Ама таков закон за јавни набавки нема во Република Македонија. За да распишете некој тендер мора да имате обезбедено средства. Ајде сега, бидејќи е многу популистички, распишуваме тендер за 2 милиони и 100 компјутери, колку што има граѓани во Република Македонија. Компјутер за секој човек, следната кампања да ви ја кажам на ВМРО-ДПМНЕ. И Владата ќе рече, во првата година ќе земеме од Буџетот 50 евра, во втората 100, во 2010 кога ќе дојде СДСМ на власт, тогаш тие ќе го правдаат тоа. Ние инаку направивме кампања, ние собиравме поени. Каде го има тоа. Таков закон за јавни набавки во Република Македонија нема. И тука го повикувам господинот Ставрески да си ја ревидира изјавата што ја има дадено и да направи дополнителна анализа, бидејки како што првиот пат бев во право за ТЕЦ Осломеј, дека не може да се даде под закуп. А на пратеничко прашање одговор, ме убедуваше дека е тоа е легално, па после го поништија, бидејки нема закуп во Законот за јавни набавки. Сега се доведовме во ситуација, тие што не ги слушаше, ги смени. Кој ќе ве советува кога сте на некоја функција.

И она што посебно загрижува е што  ќе ги купите компјутерите, некои зборуваа за условите во школиве. Јас зборувам за имплементацијата од компјутерски аспект, од информатички аспект. Ќе ги донесеме компјутерите во училиницата по историја. Што ќе прават таму децата? Имаме софтвер по историја на јазикот, на македонски јазик, илина јазикот на заедниците во Република Македонија? Или ќе сурфаат, или ќе играат кантарстрајк, или некоја игра како што играат во центарот. За жал, тој проект по сите укажувања има нула ефекти во кои што не се знае кој ќе ги одржува, кој сето тоа ќе го вмрежи во нешто, кој ќе го направи тој систем реално применлив во пракса. Освен што како подизведувач е избрана фирмата во која што државниот секретар за образование и наука работел порано, или тоа не го знаевте. Има многу прашања кои што за жал оваа тренд и техно иницијатива ја прават неприменлива и за жал се богатат многу луѓе кои што ни криви ни должни се појавиле во некоја функција. Затоа Владата, бидејќи не доаѓа на пратенички прашања, или не одговара, треба да одговори на прашањето, дали, или зошто на јавното отворање на тендерот претседателот на Комисијата за јавни набавки не го соопштил Буџетот за набавката пред отворањето на понудите согласно постоечкиот Закон за јавни набавки. Дали банкарската гаранција на избраниот изведувач на набавката не е во износ од 3% според тендерските барања. И колку е искуството на компаниите за работа во услови кога многу македонски компании, многу компании од Република Македонија, да не бидам погрешно сватен работеле на имплементација во образованите институции. И на крајот на краиштата кој ќе ја понесе одговорнсота, или кој е одговорен за спроведување на овој тендер? Таквата политика на фалби само за работи кои што палат го троши последниот период. Последните ронки на надежта се губат, граѓаните бараат резултати, Брисел бара резултати, Владата ќе мора да ги понуди одговорите, заради нерационалните трошења, заради неразвојната компонента, заради немањето конкретни инфраструктурни проекти, заради преголемиот дел за договорни услуги, премногу кампања, пратеничката група на СДСМ нема да го подржи овој ребаланс на Буџетот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам, господине Макрадули.

Реплика има господинот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе, навистина три минути се кратко време за да опонирам на се што кажа пратеникот. Ќе се задржам на делот на Агенцијата за млади и спорт и на делот за компјутери кој што очигледно е најдискутиран од пратениците од СДСМ. Но, претходно би сакал да кажам дека во стил на симпатичните колумни кои што ги пишува колегата во “Утрински весник”, кои што како стил навистина ми се допаѓаат. Можеби треба да напише и една наредна колумна која што ќе се вика “драга Радмила”, за да ја извести што се случува во Парламентот, заради тоа што ја нема дури и кога се расправа за Буџетот. Мислам дека треба да биде тука и да поразговараме. Ама мислам дека во сабота може да ја информира како се одвива расправата, се надевам во истиот стил.

По однос на Агенцијата за млади и спорт, односно проектот за спортски сали кој што е најкритикуван од опозицијата овие два дена, јас би сакал да кажам дека тука имаме очигледно концептуална разлика и очигледно имаме различен приод кон нештата и кон работите. Зошто се решивме да го правиме овој проект? Заради тоа што спортот во Република Македонија е на апсолутно ниско ниво. Сметаме дека државата преку свој пример треба да даде стимулација за развој на спортот. Факт е дека имаме напуштени спортски терени, факт е дека имаме запуштени спортски објекти, немаме базени, немаме спортски сали и т.н. Оваа година

ќе се градат салите, се надевам наредната година ќе се градат базени, после тоа можеби ќе се градат нови фудбалски игралишта и т.н. Тоа е начинот на кој што може да се подржи спортот. За разлика од претходните 4 години кога Агенцијата за млади и спорт не градеше ништо, кога единствено донираше средства на блиски организации на СДСМ и кога се случуваше таканаречената федерација “спорт за сите”, чиј што основач е поранешен директор за спорт во истата Агенција добиваше по 180 илјади евра секоја година за активности кои што беа од типот на планинарење на Водно. Сега тие средства не одат таму и заради тоа има средства за сите други федерации од 10 до 50, бидејки има зголемен Буџет. Она што е основно, односно спортските сали е дека денес за разлика од пред 15 години во Република Македонија има многу лица кои што покрај другото употребуваат дрога, дека сега за разлика од пред 15 години во Република Македонија кога можеле да се набројат на прсти таквите лица, дека сега за разлика од пред 15 години се продаваат од 2 до 3 илјади таблети екстази секој викенд во Скопје на журки, дека сега за разлика од пред 15 години има луѓе кои што не можат да се изборјат на двете раце, значи над 10 во секој град кој што го прават тоа. Јас не велам дека спортските сали тоа целосно ќе го спречат. Тука треба да работи МВР. Но, тука е концептуалната разлика. разликата со оние невладини организации кои што ги споменавте, на непартискиот кадар Милчин кој што повеќе не е член на вашето Претседателство. А за тоа ќе дискутираме кога ќе дојде законот на дневен ред и тука очигледно ќе се поделиме идеолошки на леви и десни.

**Бесим Догани:** Една минута контра реплика за господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Ако состојбата е ваква како што ја кажувате, вие што правите? Носите закон со кој што оние луѓе што злоупотребуваат дрога сакате да ги пратите во затвор? Ако е таква ситуацијата, јас мислам министерката за внатрешни работи веднаш треба да си поднесе оставка. Имаме концептуални разлики. Со спортските сали не се подобрува џебот на граѓаните, не се решава проблемот на невработеноста за кој што 58% граѓани во Република Македонија ќе кажат. И во Куба и во Белорусија има одлични сали и стадиони, ама низок е стандардот на граѓаните. ВМРО-ДПМНЕ доби избори за да ја подобрува економијата, за да работи на зголемување на стандардот на граѓаните на Република Македонија. А ниското ниво во спортот е затоа што кога ќе дојде ВМРО-ДПМНЕ на власт сведоци сме на политички притисок во институциите. Се обидоа во фудбалот. Така го сменија селекторот на кошаркарската репрезентација со присила и уцена од Агенцијата за спорт и млади.

**Бесим Догани:** Дами и господа пратеници, ја прекинувам седницата.

Истовремено ве известувам дека истата денешна 55-та седница ќе продолжи во вторник во 11,00 часот.

За понеделник веќе имате најава за нова 60-та седница.

(Седницата прекина во 16,50 часот)